УНИВЕРЗИТЕТ ,,СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА


# МЕНАЏИРАЊЕ НА ЕКОЛОШКИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**


**МЕНТОР:**

проф. д-р Лена Дамовска

**КАНДИДАТ:**

Фросина Ангелова



Скопје, 2014 година

## Содржина


ВОВЕД ........................................................ 4

1. ЕКОЛОГИЈА - ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ ........................................................ 5

2. ЕКОЛОГИЈАТА И ПЕДАГОГИЈАТА ........................................................ 6

2.1.ЕКОЛОШКИ ЗНАЕЊА НЕОПХОДНИ ЗА ЖИВОТ ВО 21 ВЕК ........................................................ 9

2.2. АКТУЕЛИЗАЦИЈА НА ЕКОЛОШКИТЕ ПРОБЛЕМИ ВО СФЕРАТА НА ЕДУКАЦИЈАТА ........................................................ 10

3. ЕКОЛОГИЈАТА ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ВО Р.МАКЕДОНИЈА ........................................................ 12

4. ЕКОЛОШКОТО ОБРАЗОВАНИЕ – СОВРЕМЕНА ПОТРЕБА НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ........................................................ 15

4.1 ПРОГРАМИТЕ ЗА РАБОТА ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ И НИВНАТА ЕКОЛОШКА КОМПОНЕНТА ........................................................ 16

4.2. МОДЕЛИТЕ ЗА РАБОТА ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ И ЕКОЛОГИЈАТА ........................................................ 19

4.3. ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ДЕЦА И УЧЕЊЕТО ........................................................ 21

4.4. ИГРАТА И ИГРАЊЕТО ВО ФУНКЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА ........................................................ 22

5. СОВРЕМЕНИ СТРУЧНО-МЕТОДСКИ ОСНОВИ ЗА ЕКОЛОШКО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ УСТАНОВИ ........................................................ 25

5.1 ЕКОЛОШКИ ВРЕДНОСТИ ........................................................ 28

5.2. ЕКОЛОШКА КУЛТУРА ........................................................ 30

5.3. ЕКОЛОШКИ НАВИКИ ........................................................ 32

5.4 ЕКОЛОШКА СВЕСТ ........................................................ 33

6.1. ЕКОЛОШКИТЕ АКТИВНОСТИ И ПОТРЕБАТА ЗА НИВНО МЕНАЏИРАЊЕ ........................................................ 36

6.2 МЕНАЏИРАЊЕТО И СТРУЧНАТА СЛУЖБА ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА ........................................................ 38

6.3. ВОСПИТУВАЧОТ И УСПЕШНОТО МЕНАЏИРАЊЕ СО ВОСПИТНАТА ГРУПА ........................................................ 39

7. ЗНАЧАЈНИ ФАКТОРИ ЗА УСПЕШНА ЕКОЛОШКА ЕДУКАЦИЈА ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ ........................................................ 41

7.1. ВОСПИТУВАЧОТ КАКО ОСНОВЕН ПРЕДУСЛОВ ЗА ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА ЕКОЛОШКА ЕДУКАЦИЈА ........................................................ 42

7.2. СЕМЕЈСТВОТО КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА ДОБРА ЕКОЛОШКА ЕДУКАЦИЈА ........................................................ 47

7.3 ОТВОРЕНОСТА НА ГРАДИНКАТА ВО ФУНКЦИЈА НА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СИТЕ МОЖНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ЕКОЛОШКИ АКТИВНОСТИ ВО РАБОТАТА ........................................................ 48

7.3.1 СОРАБОТКА МЕЃУ ПРЕДУЧИЛИШНАТА ИНСТИТУЦИЈА И ПОТЕСНАТА ОПШТЕСТВЕНА СРЕДИНА/СЕМЕЈСТВОТО ........................................................ 48

7.3.2.ОТВОРЕНОСТА НА ГРАДИНКАТА И НЕЈЗИНАТА СОРАБОТКА СО ПОШИРОКАТА ОПШТЕСТВЕНА ЗАЕДНИЦА ........................................................ 50

8. ЕКОЛОШКАТА ДИМЕНЗИЈА НА ВНАТРЕШНОТО И НА НАДВОРЕШНОТО УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДИНКАТА ..... 51
9. ПРИМЕНА НА ЕКОАКТИВНОСТИ ВО ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ..... 53
9.1 ЕКОЛОГИЈАТА ВО СЕКОЈДНЕВНИТЕ АКТИВНОСТИ ..... 54
9.2 ЕКОЛОШКИТЕ ПРОЕКТИ ВО ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ УСТАНОВИ ..... 54
10.ИЗВОРИ НА ЕКОЛОШКИ СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ ..... 55
10.1. НАГЛЕДНИТЕ СРЕДСТВА КАКО ИЗВОРИ НА ЗНАЕЊЕ ..... 55
10.2 ПЕЧАТЕНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ КАКО ИЗВОРИ НА ЗНАЕЊЕ ..... 56
10.3. НЕПОСРЕДНАТА СТВАРНОСТ КАКО ИЗВОР НА ЗНАЕЊА ..... 56
II МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 60
1. ПРИОД КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 60
2. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ..... 60
3. ЦЕЛ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 61
Задачи ..... 61
4. ГЛАВНА ХИПОТЕЗА ..... 62
4.1 МЕТОДИ, ТЕХНИКИ, ИНСТРУМЕНТИ ..... 62
Инструменти ..... 63
4.2 ПРИМЕРОК ..... 64
III АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ..... 66
Карактеристики на примерокот ..... 66
Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето ..... 69
Анализа на прашалникот наменет за воспитувачите ..... 69
Анализа на прашалникот наменет за родителите ..... 81
Анализа на рефлективен дневник : ..... 94
Дискусија ..... 94
Заклучок ..... 96
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА: ..... 98
ПРИЛОГ ..... 101

# I ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ

## ВОВЕД

Стилот на човековото живеење се менува. Секоја генерација, секоја деценија, секое столетие има свој белег. Белегот на денешната генерација, белегот на изминатата и на следната деценија, како и белегот на следниот век секако ќе биде во знакот на екологијата.

Притоа, екологијата нема да биде присутна како неопходен збир од знаења, туку многу повеќе од тоа. Таа ќе биде неопходност како наука за опстанок на разновидноста на живиот свет околу нас, екологијата како стил на живеење, како една од основните човекови вредности, како животна филозофија, како секојдневна навика.

За да може екологијата да стане сето она што сакаме или што посакуваме во овој момент, таа мора да биде „длабоко" вклучена во сите сфери на човековото живеење, но најпрво во сферата на едукацијата.

Еколошкото образование е, пред сè, футуристички насочено, притоа гледајќи многу векови нанапред, потенцирајќи што сè може и треба да се направи сега, во овој момент, за овие генерации и од овие генерации.

Сè што е ново треба да има и свој почеток за да има целина, поточно, еколошкото образование мора да почне што е можно порано, во целост да се искористат природните развојни особини на децата од предучилишна возраст, да се искористи нивната желба за откривање и осознавање, да се искористи нивната природна блискост со природата, да се искористи најсоодветниот развој за вметнувањето правилни, потребни и нови содржини, знаења, навики и вредности.

Во таа насока е и овој труд, со кој се обидуваме да укажеме на вистинското значење на екологијата, на нејзините посебности и карактеристики во нејзиното потесно и пошироко значење што го има таа за младите генерации, за можностите што треба да се искористат во целост или, на поинаков начин, да се укаже на можностите што треба да се искористат, а се во функција на поцелосно образование на децата и се во тек со светските тенденции.

Истовремено, да се насочат децата кон индиректна едукација на возрасните околу себе, а воспитувачите кон можностите за зголемување на степенот на еколошкото образование или, пак, трудот да биде показател кои се слабите и силните страни на еколошкото образование во предучилишните установи во моментов и на можностите тие да бидат поцелосно искористени. Еколошкото образование ни дава можност да ја скроиме сегашноста со добра визија за иднината.

# 1. ЕКОЛОГИЈА - ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ

Екологијата е научна дисциплина што сè повеќе е присутна и во секојдневието, но и во стручно-научните кругови. Честата употреба на овој збор, а и недоволната упатеност во она што претставува екологија, често нè доведува до различни толкувања што е тоа екологија. Оваа недоследност уште повеќе се зголемува со тоа што екологијата денес е присутна во сите сегменти на човековото живеење.

Екологијата е ,,научна дисиплина која ги изучува дистрибуцијата и густината на живите организми и нивната интеракција во животната средина."[1]

Вака дефинирана, екологијата упатува на фактот дека нашата секојдневна нејзина употреба е само дел или, пак, синонимно значење на она што е всушност екологијата.

Во еколошкиот лексикон екологијата е определена ,,како биолошка научна гранка која се занимава со проучување на односите на одделни организми и нивните заедници со условите на надворешната средина, како и односите кои постојат помеѓу самите организми".[2]

Вака дефинираната екологија претставува само уште една потврда дека таа нема многу допирни точки со нашето секојдневие во смисла на распостранетото значење што го има. Најчесто зборот екологија, за оние што се недоволно упатени, е синоним за заштита на животната средина, заштита на околината. Затоа чувствувавме потреба да направиме разлика меѓу екологијата и заштитата на животната средина иако овие две работи имаат многу заеднички нешта. Поточно, заштитата на животната средина е дел од екологијата.

Според еколошкиот лексикон, заштитата на животната средина претставува „збирен израз на целокупните мерки за одржување и создавање на поволни услови во средината за нормален живот на живите организми".[3]

Всушност, кога го користиме зборот екологија во секојдневието, најчесто мислиме на заштитата на животната средина и тоа на животната средина неопходна за опстанокот и за правилниот развој на човекот и на неговите поколенија или, пак, тоа се однесува на заштитата на природата во смисла на зачувување на растителниот и на животинскиот свет.

Во контекст на согледувањето на разликата меѓу вистинското значење на екологијата и на заштитата на животната средина, сама по себе се наметнува и потребата

---

[1] Прелиќ, Д. Георгиевска, М. (2007) : " Општа екологија ", Интерна скрипта, Скопје, стр. 1
[2] Мулев, М. (2006): " Еколошки лексикон" , Алфа 94- М.А., Скопје, стр. 62
[3] Мулев, М. (2006) : "Еколошки лексикон",Алфа 94- М.А., Скопје, стр. 78

да се дефинира поимот „екологист“. Поточно, сакаме да наведеме дека во еколошкиот лексикон со терминот „екологист“ ,,се означува лице кое е вклучено во општествено или политичко движење кое има за цел да ја едуцира јавноста за проблемите од загадувањето на животната средина и нивно поттикнување за решавање на тој проблем.“[4]

Значи, во екологисти не спаѓаат само научниците што се поврзани со решавањето на еколошките проблеми директно, во екологисти не можеме да ги вброиме ниту оние што имаат развиено висока свест и еколошка култура, туку оние што се обидуваат да ги направат нештата поинакви користејќи го притоа образованието како главно средство за подобро разбирање на нештата.

Она што е за нас од посебна важност е дефинирањето на еколошкото образование, при што „еколошката едукација е стекнување на современи знаења и вештини, навики и ставови за еколошките особености“.[5]

Од особено значење за нас е еколошкото образование и тоа она наменето за децата од предучилишна возраст.

## 2. ЕКОЛОГИЈАТА И ПЕДАГОГИЈАТА

Екологијата и педагогијата во суштина се две различни научни дисциплини, но имаат области што им се од заеднички интерес и укажуваат на меѓусебна упатеност ако сакаме промените што треба да се направат вистински да бидат дел од секојдневното човеково живеење.

Екологијата сфатена како наука за заштита на природата и на животната средина, а педагогијата сфатена како наука за образованието и за воспитанието меѓусебно се испреплетуваат во современите потреби на човештвото.

„Уништувањето на животната средина и на биосферата во целост (хемиско, радиоактивно, термично, звучно, визуелно, психичко нарушување или загадување од отпадоци - индустриски, земјоделски или комунални, па дури и моралното нарушување - (лошото влијание на телевизијата, порнографијата, шундот, прикажувањето насилни инсерти) со крајна резултанта - девијантно однесување и деструкција на животната

---

4 Мулев,М.(2006): “Еколошки лексикон”, Алфа 9- М.А., Скопје, стр.63

5 Potkonjak,Simlesa (1989) Pedagoska enciklopedija, Zavod za ucbenike I nastavna sredstva, стр.93

средина, односно генетска деградација, што подразбира согласување со животот во нездрава средина.“[6]

Во барањето излез од ваквата состојба се доаѓа до педагогијата како наука.

Попрецизно, станува збор за еколошка педагогија, која „го проучува воспитното влијание во контекстот на градење на еколошка свест и развизвање на еколошка култура кај личноста од рана возраст.“[7]

Истовремено, треба да напоменеме дека човекот како активно суштество е единствено живо суштество што врши влијание врз природата, додека сета друга поврзаност меѓу останатите живи суштества и природата се пасивни. Досега ова поврзување, оваа активност беше насочена кон деструкција на природата, а сега е потребно таа активност да се насочи кон заздравување и зачувување на природата и тоа не само кон единки или одделна група, туку кон целокупното човештво. Таквото масовно реорганизирање на едно општество мора да помине низ системот на образование за да ја постигне својата цел со добри резултати.

Педагогијата треба да пронајде начин да создаде здрава личност со современи вредности, со доследно применување одделни дидактички, методички и развојни карактерстики на популацијата што ја опфаќа.

Екологијата, пак, како многу актуелна наука ни дава насоки, правец кон каде треба да се упатуваат образовните содржини ако се сака да се има целовитост, синтетичност, интеграција и, пред сѐ, настава што одговара на сегашните и на идните потреби на луѓето, поточно воспитно-образовните содржини да имаат временска близина со потребите на цивилизацијата, што истовремено ќе биде и дел од она што се нарекува актуелизација на наставата.

Процесот на нивното заемно дејствување е создавање воспитно-образовен систем што е во согласност со современите потреби на природата и на општеството.

„Секој член на првобитната човечка зедница бил животно заинтересиран за совладување на основните еколошки начела и сознанија. За да можел успешно да

[6]Ристески,К .(1999): “Еколошка криза 2”, НИП Студентски збор, Скопје, стр. 22

[7]Попова-Коскарова,Р .(2011): “Општа педагогија”, Боро Графика, Скопје, стр. 24

преживее, тој нужно морал да располага со одредени знаења за својата животна средина, за околниот жив свет и за основните сили на природата.“[8]

Денес, за да може да опстои, човечкиот род мора да има одредени сознанија како да ја зачува природата околу себе. Притоа, воспитувањето е главен сегмент на таквото дејствување: „... воспитувањето како една од основните и трајни општествени дејности што се состои во свесно и намерно пренесување на општествено-историското искуство од постарите генерации на помладите со цел секоја генерација да се оспособи за својата општествена улога во сегашноста и иднината и на тој начин да се обезбеди континуитет на општествениот живот. Воспитувањето е битен услов за постоењето на човечкото општество и еден од најзначајните фактори за неговиот развој.“[9]

Во овие рамки може потесно да го определиме и она што е за нас од посебно значење, а тоа е еколошкото воспитание, поконкретно „здобивање со современи знаења, вештини, науки и ставови за еколошките особености, процеси и закони во животната средина за дејствување на човекот врз животната средина во различни форми и димензии, разбирање на современите стремежи и можности на науката, технологијата, општествените науки и уметностите за целосна заштита и унапредување на човековата животна средина.“[10]

Ако на сето ова го додадеме и значењето на образованието, кое претставува педагошки процес за збогатување на човековото сознание, може да ја согледаме врската меѓу екологијата и педагогијата.

Ако се обединат современите педагошки, дидактичко-методичките знаења со современите еколошки потреби и тенденции, ќе може да ја пронајдеме и природната врска меѓу екологијата и педагогијата, а таа врска, всушност, и ја претставува целта на еколошкото образование, кое „не е знаење како збир на факти кои детето треба да ги научи за природната околина, туку разбирање на природните процеси и нивна заемна поврзаност и изградување на позитивни ставови и однос кон животната средина во пракса, акција, во животот“.[11]

---

[8]Митиќ,Љ .(2008) Методика еколошког васпитања, Учитељски факултет у Врању, Врање, стр. 14-15

[9]Лешковски,И .(2002) Педагошки речник, Вековштина, Скопје, стр. 53
[10]Лешковски,И. (2002) Педагошки речник, Вековштина, Скопје стр. 96

[11] Petrović, B. (2000) : “ Neke suvremene stručno-metodičke osnove ekološkog odgoja u predškolskoj ustanovi” Zbornik radova stručno-znanstvenog skupa,Ekologija-korak blize detetu , Adamik, Rijeka, str. 43

## 2.1.ЕКОЛОШКИ ЗНАЕЊА НЕОПХОДНИ ЗА ЖИВОТ ВО 21 ВЕК

Фактот за деградација на живиот свет околу нас е непобитен. Она што досега претставуваше имератив во човековата цивилизација истовремено денеска е императив на неговото самоуништување.

Досега беа неопходни бројни знаења, умеења како и во што поголема мера да се искористат природните ресурси, притоа единствена грижа беше финансиката добивка.

Сега императив на човековата цивилизација е токму враќањето кон природата, нејзините законитости и неопходната потреба за нејзино зачувување како основен услов за човековиот опстанок.

Комплексноста на знаењата и итноста на реалната состојба наметнуваат потреба еколошкото образование да биде дел од сите сегменти на човековото живеење, а особено во сферата на неговата едукација и тоа почнувајќи од првиот степен на образованието, па сè до највисоките научно-истражувачки кругови.

Еколошкото образование е неопходно ако сакаме да дојде до подигање на еколошката свест. Ако сакаме еколошките вредности да бидат дел од секоја индивидуа и, впрочем, од целокупната филозофија на живеењето, неопходно е тие да добијат сосема други текови во образованието, што ќе резултира со сосема поинаков начин на дејствување, размислување и однесување на секоја личност.

Притоа, еколошкото дејствување не е процес што одзема нешто од човековата цивилизација или од нејзините вредности, не е процес што се однесува само на заштитата на репрезентативни видови животни или растенија.

„Заштитата на околината напредува и не се мери само со бројот на спасените видови растенија и животни или хектари на заштитено земјиште ... за да биде целосно трајно успешна, таа треба да ги задоволува потребите на луѓето, но без нарушување на екосистемот на планетава.“[12]

Тоа во денешни услови и не е толку едноствно, но е крајно неопходно.

Затоа знаењата неопходни за човековото приближување кон природата и за нејзиното целосно почитување се неопходност што треба да се негува од најрана возраст.

---

[12] Ковој,Р. (1990) :"Еколошки маркетинг", Матица македонска, Скопје, стр. 104

Најзгоден период за вметнување еколошки сознанија е секако периодот на раното детство, кога сè уште не се вметнати стереотипите на однесување и размислување на краткорочни патеки.

## 2.2. АКТУЕЛИЗАЦИЈА НА ЕКОЛОШКИТЕ ПРОБЛЕМИ ВО СФЕРАТА НА ЕДУКАЦИЈАТА

Сегашното актуелизирање на еколошките проблеми не значи и нивно непостоење во минатато. Сосема спротивно. Ако „погледнеме“ наназад, може да забележиме дека неопходноста од екологијата е потенцирана од поодамна, особено ставајќи акцент на потребата од солидно еколошко образование .

Кога зборуваме за еколошкото образование и за неговото интензивирање во рамките на педагошко-еколошките мисли, цениме дека може да разговараме за два поголеми периода во кои се забележува поголема афирмација на екологијата и на нејзиното присуство во образованието.

Имено, можеме да определиме два поголеми периода:

1. од 1970 година до 1990 година;
2. од 1990година па наваму.

Во првиот период од 1970 до 1990 година како позначајни ќе ги одделиме следните настани:

- Во 1972 година Обединетите нации одржуваат конференција посветена на заштитата на животната средина и за еколошката едукација да биде составен дел од образованието;
- Во 1973 година во Белград е одржана меѓународна конференција на UNESCO-UNEP „Образование за човековата средина“. На неа е донесена Белградската повелба што ги содржи основите за еколошка едукација во образованието;
- Во 1977 година се одржани конференции во Најроби и во Тбилиси со заклучок и препорака животната средина да се набљудува во целост, а еколошката едукација да трае цел живот;

- Во 1983 година во Виена е донесена Виенската декларација, со која се настојува еколошката едукација да биде дел од и од општествените области;

- Во 1987 година во Москва се расправа за еколошката едукација;

- Во 1989 година во Париз одржана е конференција на OECD „Учење за одржлив развој".

Сето ова наведува дека екологијата полека, но сигурно почнува да навлегува во рамките на образованието. Во овој период почнува поочигледната потреба од екологијата, сè позабележителни се човековото несовесно дејствување и последиците од тоа како сосема спротивна реакција што треба да придонесе во исклучителен степен за зачувување на природата, а нејзина заштита е едукацијта.

Според д-р Винка Узелац, седумдесеттите години од 20 век е времето кога, историски гледано, се настојува еколошката едукација да влезе во рамките на образованието. Најпрвин само во природните науки (биологијата), но подоцна и во општествените науки.

„Тука, во прв ред е фактот дека теоретската поставеност на воспитанието за животната средина е ... со многу конкретни описи за промените. Притоа се понудени и модели на поинакво воспитание за животната средина која во својот организиран облик се спротивставува на класичното еколошко воспитание, а со тоа и на биолошката насоченост како единствено можна во таа насока".[13]

Во вториот период, од 1990 година па наваму, како позначајни ќе ги одвоиме следните настани:

- Во 1993 година во Луцерн е свикана министерска конференција на која се потенцира еколошката едукација, но истовремено се означени и проблемите со кои се среќава таа во практиката;

- Во 1998 година во Охрид е одржан Првиот конгрес на еколозите во Р. Македонија со главна тема „Еколошкото воспитание и образование";

- Во 1999 година на Халкидики се одржува Европскиот еколошки конгрес;

- Во 2000 година во Тунис е одржан семинар за методите и за техниките што се користат при обработка на еколошки содржини.

---

[13] Uzelac,V. (2000):" Ekologija temeljena na pedagogijskim pristupima I problem odgoja predškolske djece za okoliš", Zbornik radova stručno-znanstvenog skupa,Ekologija-korak blize detetu, Adamic, Rijeka, str. 19

Во овој период еколошката едукација се настојува да се вметне во сите сегменти и степени на образованието, притоа целосно свесни за таквата неопходност и комплексност на проблемот.

Еколошкото воспитание и образование е и најзначаен сегмент од она што претставува голем прогрес секаде во светот, па и кај нас, а се нарекува образование за одржлив развој, а во чии рамки еколошкото образование има доминантна улога.

Основна цел на ова воспитание и образование според меѓународните документи е дека ,,секој жител на земјата, без разлика каде се наоѓа и како живее, треба да ја сфати сопствената зависност и одговорност во однос на животната средина и општото добро, како и да се труди со личен ангажман да ги заштити и да ги зачува за идните генерации“.[14]

## 3. ЕКОЛОГИЈАТА ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

Кога зборуваме за воспитно-образовниот систем на Македонија ,пред се мислиме да направиме осврт на  образование кое го опфаќа предучилишното,основното и средното воспитание и образование.

Поради важноста на еколошкото образование,несомнено мораме да започнеме да зборуваме за ,,задолжителниот ,,карактаер на екологијата во задолжителниот систем на образовние кај нас.

Поконкретно во таа насока можеме да зборуваме од 1958/59 година ,кога ,,со наставниот план и програма ,екологијата е предвидена во состав на предметот биологија во трета година општествено-јазичната и во четврта година природно-математичка насока во гимназијата.Екологијата како дел на предметот биологија се изучувала со 2 часа неделно или 34 часа вкупно,се до реформата 1971/73 година.Непосредно пред застапувањето на екологијата во средното обрзование,основното образование беше модернизирано со еколошките законитости преку предметот биологија и запознавње на природата особено во четврто одделение..Заштитата на животната средина експлицитно

[14] Каменов, Е. (2004) : “Зелена планета”, Тампограф, Нови Сад, стр. 5

е застапена во Реформата на образованието 1971/73 ,како одделна содржаина во предметот биологија и во средното и во основното образование,,[15]

Сето ова укажува дека екологијата како воспитно-образовна содржина била присутна во нашиот образовен систем од 1958 година па се до 1973 година кога всушност почнала и законски преку програмите за работа да го пробива својот пат.Но позабележителни промени се случуваат во 1981/84 година,,Тогаш во насоченото средно образование е воведена биотехнолошка струка,а со наставниот план се предвидени наколку предмети и тоа општа и применета екологија,заштита и унапредување на животната средина,детекција и контрола на животната средина,,[16] Некои промени се случувале и во основното образование.Овие промени во основното образование се случувале скоро истовремено и во плановите и програмите за работа и во основните училишта,разликите се однесувале на изборот и обемот на еколошките законитости и заштитата на животната средина.

Сето ова укажува на тоа дека екологијата полека но сигурно станувала дел од реформите во нашиот воспитно-образовен систем.Притоа во разни периоди пронаоѓајки различни моделитети кои биле во склад со тогашните сваќања и потреби.Она што е важно е тоа што тенденцијата за присутноста на екологијата во програмите за работа во основното и средното образование не исчезнала ,туку сосема спротивно.

Таквата тенденција е присутна и во поблиското минато,,Педагошкиот завод на РМ(1990) изготви програма за усовршување и едукација на наставниот кадар по биологија,и во организација на РЕЦ во Охрид (2000) беше организиран семинар за еколошко образование за наставниците од одделенска насатва и воспитувачите од детските градинки од подрачјето на Охрид и Струга,,[17]

Наведените факти говорат дека со реформите,покрај другото,и екологијата го заземала своето место,таквата тенденција сеуште е во корист на екологијта која може да се забележи и во Националната програма за развој на образованието во РМ 2005-2015 год.каде што во рамките на програмата за разој на средното и постсредното образовние ,ставена во рамките на современите трендови свој посебен дел зазема и

[15] Стојановиќ,Н.(2000) : "Традиционалното и современото во воспитно образовната практика и теорија" ,Зборник на трудови од тематската расправа,Скопје,стр 132

[16] Стојановиќ,Н.(2000) : "Традиционалното и современото во воспитно образовната практика и теорија",Зборник на трудови од тематската расправа,Скопје,стр 132

[17] Србиновски,М(2001): "Еколошката едукација во основното и средното образование во Р.М. од биолошки аспект" ,Докторска дисертација,Скопје стр 28

екологијата,односно животната средина,а е наведено следното како цели кон кои треба да се стреми ова образование.

,,за да се заштити животната средина од страна образовните установи за средно и пост средно образование,потребно е

- Да се негува развојот и свеста за потребата од заштита на животната средина
- Да ги поттикнува и вклучува едуцираните ученици да ги пренесуваат своите знаења на поширокото граѓанство преку малдински организации,невладини организации,разни клубови и здруженија
- Да се негуваат односи на меѓусебна доверба,тимско и креативно работење,исполнето и авторитетно водство во училиштето како претпоставка за здрава и работна средина,,[18]

Некако паралелно со промените кои се случувале со реформите во задолжителното образование се чуствувале и промени во предучилишното воспитание и образование кое како нездолжително има малку поинаков развоен пат.

Предучилишното воспитание и образование не спаѓа во задолжителното образованние иако е дел од воспитно-образовниот систем воРМ.

За појавата на детските градинки можеме да зборуваме уште од 1945година,но за програма за работа во детските градинки можеме да зборуваме од 1969 година.

,,во седумдесите години под влијание на педагошко-психолошките сознанија,а како резултат нови законски регулативи од 1974 година во Македонија се појавува првиот посовремен модел на програмата воспитно -образовна работа со предучилишните деца,,[19]

Следната нова програма е во 1980 година која секако покрај другите промени кои се случиле имаат промени во своето гледише ,пристап кон прирорадта и животната средина.

---

[18] Националната програма за развој на образованието во РМ 2005-2015
[19] Дамевска,Л.(2001): "Компатибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование" ,Круг,Скопје стр56

Иако можеби,, посрамежливо,,, но еколгијата полека влегува и низ врата на детските градинки.

Веќе со новата прогарма од 2007 еколгијата сосема јасно прецизирана како и целите кои треба да се исполнат преку разлчни активности со децата.

## 4. ЕКОЛОШКОТО ОБРАЗОВАНИЕ – СОВРЕМЕНА ПОТРЕБА НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

Екологијата да биде дел од современото воспитание и образование е потреба и неопходност. Еколошката едукација е едно од основните знаења и вештини што треба да ги знае човекот за да биде дел од 21 век. Оттаму, логично е еколошкото воспитание и образование да почне од првото скалило на воспитнообразовниот систем, инаку ќе бидеме во расчекор со реалните потреби на децата и на општеството.

Развојот на осетот за средината во која живееме влијае врз севкупните услови во кои живее и расте детето. Во таа насока, предучилишните институции имаат можност да ги потенцираат нејзиниот развој и учеството на човекот во неа.

Воопшто не е спорно дека децата од предучилишна возраст поминуваат низ интезивен развој и поминуваат едни од најважните периоди во формирањето на личноста. Затоа и овој период е најзгодното време за формирање некои ставови, навики, вредности за создавање прифатливи начини на однесување.

Токму сето ова треба да биде максимално искористено во детските градинки како место на кое децата имаат можност да стекнат поинакви искуства, каде што се активностите целесообразни, но ненаметливи.

Притоа, треба да се има предвид дека екологијата и потребните знаења што треба да ги совлада детето со соодветни активности не се само факти што треба да ги знае, туку пред сè треба да ја разбере природата и нејзините процеси и врските меѓу човекот и природата и во зависност од тоа да се спроведат насочени активности со цел формирање ставови и позитивен однос кон природата и кон животната средина.

Децата од предучилишна возраст имаат потреба да го истражуваат светот околу себе, имаат потреба да ја согледаат причинско-последичната поврзаност на нештата, а особено она што се случува во природата, што ни дава веќе подготвен терен за соодветно еколошко образование.

Сосема е оправдано да се потенцираат карактеристиките на современото предучилишно воспитание и образование и нивната функција во формирањето еколошка свест, навики и ставови кај децата, а индиректно и кај родителите.

Ако сакаме децата што подобро да бидат подготвени за својата иднина и да ја преземат одговорноста за себе и за природата, еколошкото образование треба да биде составен дел од нивното секојдневие. Истовремено, доброто еколошко образование дава и добра можност за квалитетно живеење на семејствата.

Неопходно е еколошкото образование да почне од предучилишна возраст за да се добие што поцврста, посолидна основа за создавање позитивен однос кон природата и кон животната средина.

Еколошкото образование е значителен сегмент и од новите светски залагања да се има образование за одржлив развој. Одржливиот развој ќе го дефинираме како „развој кој ги задоволува потребите на денешнината, а истовремено не ја загрозува можноста на идните генерации да ги задоволат своите потреби."[20]

За да може промените да бидат целосни, во нив треба да земат учество сите, а најпрво децата.

## 4.1 ПРОГРАМИТЕ ЗА РАБОТА ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ И НИВНАТА ЕКОЛОШКА КОМПОНЕНТА

Од 1945 година до 1969 година биле донесувани разни правилници со кои се определувала воспитно-образовната работа во детските градинки. Во 1969 година е донесена поконкретна програма за работа, но дури во 1974 година може да зборуваме за програма што одговара на тогашните современи сознанија од областа на педагогијата и на психологијата.

Она што е наш предмет на интересирање е еколошкота компонента на програмите од 1976 година па до денес.

Од програмата во 1976 година може да издвоиме препознатливи елементи на еколошкото воспитание и образование. Нив може да ги забележиме во воспитно-

[20] Uzelac,V. (2009): " Cjeloživotno učenje za održiv razvoj" , Učiteljski fakultet Sveučilišta, Rijeka, str. 240

образовните задачи во рамките на воспитно-образовните подрачја како што се: културно-хигиенските навики, запознавањето со околината и со природата ...

Но, иако еколошката компонента постои, таа е недоволно акцентирана. Овие еколошки знаења може да ги определиме како дел од основните знаења за животот, природата и работата на луѓето, доживување на убавото, но без посебно нагласена еколошка свест.

Кога зборуваме за програмата за воспитно–образовна дејност во предучилишното воспитание и образование издадена во 1982 година, може да забележиме дека екологијата е вметната во одделни воспитно-образовни подрачја, а ја препознавме по определените цели што треба да ги реализира воспитувачот.

Така, елементите од екологијата, поточно целите и задачите што треба да придонесат за развојот на екологијата и за заштитата на животната средина ги среќаваме во повеќе подрачја.

Тоа се следните подрачја:

Подрачје за воспитување на културно-хигиенски навики;

Работно воспитание;

Запознавање со природната и со општествената средина.

Сите овие подрачја понатаму подетално се разгрануваат и упатуваат на соодветна задача и цел, а со тоа и на определена конкретна активност. Иако во оваа програма екологијата не е одделна и посебно потенцирана, сосема јасно се забележува еколошката димензија.

Во рамките на најновата програма за работа, издадена во 2007 година, екологијата како подрачје е целосно одделена, поточно целите што треба да ги имаат совладано децата на одредена возраст се ставени во рамките на активностите по природа и општество, но она што е значајно за нас е тоа што се тие издвоени, и тоа во смисла на цели од областа на екологијата и според возраста на децата, што несомнено укажува на фактот дека таа е веќе дел од програмите за работа во предучилишното воспитание и образование, со малку поинаков третман од порано. Сето ова укажува на фактот дека и практично почнува да се менува односот кон екологијата и, пред сè, нејзиното вистинско спроведување во активностите во детските градинки, а со тоа што е одделена како посебно подрачје со свои цели и активности, се укажува дека таа добива и посебно значење во целокупниот развој.

Со најновата програма што стапи во сила на 1 септември 2014 година, а е задолжителна национална програма на јавните детски градинки, екологијата веќе има сосема рамноправен третман, онака како што имаат и останатите воспитно-образовни содржини опфатени со програмата.

Присуството на екологијата се согледува во однос на стандардите што децата треба да ги постигнат на возрст од 4 до 6 години,но се огледува и во однос на целите што треба да се достигнат.

Холистичкиот пристап, кој е единствениот пристап што треба да биде присутен во детската занимална, овозможува екологијата секојдневно да биде присутна во сите видови игри и активности.

Ако, пак, на сето ова додадеме дека воспитно-образовната работа во градинката почнува со влегувањето во дворот на градинката и трае сè до напуштањето на градинката, можностите за еколошка едукација се речиси неограничени.

## 4.2. МОДЕЛИТЕ ЗА РАБОТА ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ И ЕКОЛОГИЈАТА

Досега, кога станува збор за моделите на работа во детските градинки, може да зборуваме за неколку модели, а тоа се традиционалниот модел, чекор по чекор и активно учење - интерактивна настава.

Кога зборуваме за традиционалниот модел и за еколошкото образование, може да забележиме дека еколошкото образование се преточува во останите подрачја и е најчесто една наметлива компонента од воспитувачот, но во рамките на она што би го нарекле културно однесување на децата ставајќи акцент притоа на личното поведение на децата што треба да биде усвоено како готов модел кој треба да се преземе, а суштинската грижа кон околината и кон животната средина е најчесто декларативна и ретко некогаш потенцирана во практиката.

Во рамките на моделот „Чекор по чекор" од 1994 година се внесуваат поголеми промени во целокупното предучилишно воспитание и образование, а во таа насока и во еколошкото образование, и тоа во рамките на „способностите што треба да се развијат кај децата:

- да се соочат со промените и да влијаат врз нив;
- да бидат критични во размислувањето и да научат да вршат избор;
- да бидат подготвени да ги наѓаат и да ги решаваат проблемите;
- да бидат креативни, снаодливи и со фантазија;
- да водат грижа за заедницата, за земјата и за човековата околина".[21]

Во рамките на овој модел особено се афирмира и работата во катчиња, големата разновидност на еколошки катчиња што се во функција на еколошкото образование е доволен показател на афирмацијата еколошкото образование да има можност сеопфатно да се приближи до најмладата популација.

[21] Камберски ,К. (2000): " Предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија" , Филозофски факултет, Скопје, стр. 26

Особено внимание се посветува и на внатрешниот дизајан на детската градинка како во занималната, така и на останатите простории во градинката, но и на дворот, кој сега не е само место за раздвижување, туку и место за учење.

Видоизменетата положба на воспитувачот и неговиот однос кон децата и знаењата што треба да се усвојат, особено начинот на нивното презентирање го прави овој модел сосема поинаков, со можности еколошкото образование да биде секојдневно присутно во животот и работата на децата.

Од 1997/98 година се воведува и малку поинаков модел на работа, а тоа е „активна настава - интерактивно учење", која исто така нуди беспрекорни можности за сеопфатност на еколошките проблеми и нивна актуелизација, притоа добиените сознанија да бидат ненаметливи, а сепак да се дел од секојдневното дејствување на децата. Препознатлив белег е самоучењето и духот на соработка при решавањето на проблемските ситуации.

Сепак, мора да напоменеме дека доминантен и сè уште актуелен модел на работа е моделот во рамките на програмата „Чекор по чекор".

Теоретската основа на моделот „Чекор по чекор" и „активната настава – интерактивно учење" нудат соодветна теоретска поставеност и се добра основа за реализирање на еколошките активности во рамките на еколошкото образование во детските градинки ако детската градинка има тенденција екологијата да биде нејзин препознатлив белег. Она што е специфично е тоа што и двата модела на работа нудат можност за холистички пристап кон активностите, што е сосема соодветно за екологијата како наука бидејќи е присутна во секој сегмент од живеењето.

Особено ни е важно што и во двата модела на работа доминираат игровните активности.

И двата модела се составен дел од Националната програма за работа во детските градинки од 2007 година, а актуелноста на холистичкиот пристап и најновата национална програма од 2014 година,нудат најсовремен модел во кој екологијата е секојдневие.

## 4.3. ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ДЕЦА И УЧЕЊЕТО

Кога зборуваме за предучилишните деца и за учењето во рамките на актуелизацијата на еколошкото образование, сакаме да посочиме дека еколошкото образование не нарушува ништо во досегашниот тек на активностите, всушност, тоа нуди одлични можности за почитување на личниот развој на детето и со своите содржини се вклопува одлично во досегашните современи методи на работа, притоа сосема почитувајќи ги специфичностите на учењето кај предучилишните деца.

Впрочем, тука најмногу доаѓа до израз мислата на рускиот педагог Кирил Ушински: „Природата е еден од најмоќните фактори на воспитувањето на човекот."

Децата од предучилишната возраст имаат потреба да ги откриваат нештата околу себе, да истражуваат, да ги согледуваат причинско-последичните односи, интересот за светот што ги опкружува е голем и само треба да се искористи во функција на еколошкото образование, што е секако во нивна корист.

Еколошките сознанија треба да дојдат до децата со истражувачки активности, да бидат користени форми и методи што ќе ги ставаат децата во центарот на вниманието и истражувањето. Притоа е важно да бидат целосно поттикнати детската љубопитност, активноста и желбата за истражување.

За нас е од особена важност да потенцираме дека детето учи од лични искуства, од посебното кон општото.

„За да научат нешто ново, децата треба да бидат свесни и да бидат во можност да истражуваат и да прашуваат, а дури потоа може да го употребат и да го применат тоа што го научиле. Процесот на учење се одвива во постојани циклични кругови, а секој круг почнува од свесноста на детето, преку истражување до употреба на наученото знаење".[22]

Секако треба да имаме предвид дека детето светот околу себе го доживува како целина.

Сите теми се погодни за остварување на оваа цел. Меѓутоа, детето не може да се интересира за нештата што му се сосема непознати, што останало скриено во мноштвото теми, но неиздиференцирани доживувања. „За една тема или содржина да биде објект

---

[22] Petrović, B. (2000): "Neke suvremene stručno-metodičke osnove ekološkog odgoja u predškolskoj ustanovi" Zbornik radova strucno-znasvenog skupa ,Ekologija - korak bliže djetetu, Adamic, Rijeka, стр. 44

на детскиот интерес, потребно е да ја запознае, да ја разбере, да ја воочи поврзаноста со своите способности, потреби, желби, претходно стекнати знаења и сл.“[23]

Екологијата, според својот широк опфат на содржини, сосема успешно и ненаметливо може да се вклопи во сите останати подрачја што се определени во градинките (здравје и моторен развој,социо-емоционален развој,когнитивен развој и стекнување на општи знаења ...) и се дел од сегашниот воспитно-образовен процес.

Еколошкото образование треба да овозможи сигурни знаења за основните еколошки потреби на современото општество, да развива критички став кон растечката деградација на животната средина и да укажува на неопходноста од рационалното користење на природните ресурси.

За да може да се очекува од човекот да се однесува еколошки, потребно е и еколошки да се воспитува за таквото еколошко однесување да стане дел од неговото секојдневие. Одговорност имаат и воспитанието и образованието, кои нудат соодветна клима за почеток на прифаќање поинакви еколошки вредности.

## 4.4. ИГРАТА И ИГРАЊЕТО ВО ФУНКЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА

Играта и играњето се најприродни основни активности на предучилишното дете, тие се основен и специфичен вид учење кај децата од предучилишна возраст.

Играта за детето е истовремено и работа, и забава, и учење.

„Играта е активност од примарно развојно значење за децата од предучилишна возраст. Во предучилишниот период таа ги ангажира сите страни на детската личност и претставува неисцрпен извор на нови сознанија. Играта е простор што си го создава и во истиот потполно се реализира организирање и изведување на игрите“.[24]

Играњето е составен дел од растењето на детето. Растењето и играњето секогаш одат заедно. Играта може и треба да се искористи во рамките на еколошката едукација.

[23] Камчевска,Б. (2003): “ Предучилишните установи и едукацијата на децата за заштита на природната и животната средина”, Современото предучилишно воспитание и основно образование - состојби и перспективи, Педагошки факултет „Св.Климент Охридски“, Скопје, стр 391.

[24] Дамевска,Л. (1995): “ Организирање и изведување на игрите и игровните активности во предучилишните установи “, Просветно дело бр.1, стр. 60

На децата треба да им се овозможи игра што и емоционално и сознајно ќе им отвори некои поинакви димензии, која ќе создаде начини на соодветно дејствување, едноставно со играта и играњето да се влијае врз разојот на еколошката свест, врз еколошките вредности и воопшто врз еколошката култура кај детето.

Особено е важна можноста за активирање на катчињата(центрите за учење) во остварување соодветна функција, кои секогаш треба да овозможат пристап до соодветните играчки или материјали за работа и што повеќе тие да бидат исполнети со природни материјали што ќе ги предизвикаат детското љубопитство и детската природна потреба за истражување.

Особено важни се тука и игрите што се изведуваат во природа (дворот на градинката).

Игрите во дворот на градинката треба да се користат во сите годишни времиња и при сите временски услови.

За оваа цел ќе ги споменеме и играчките „од природата", кои се едноставни, специфични и со многу можности за разој на детската личност.

„Секој материјал (вода, песок, глина, пластелин, крпчиња, хартија...) детето може да го користи во играта обидувајќи се од него да обликува различни предмети што ќе ја материјализираат детската замисла произлезена од самото играње и кои ќе овозможат играњето да има смисла. На ваков начин детето може само да произведува играчки според својата замисла".[25]

Ако умееме да станеме рамноправен учесник во детската игра, ако успееме да внесеме новини во играњето и во играчките, особено ако успееме да внесеме што е можно повеќе „природни играчки" и истовремено игрите да ги искористиме во зацврстувањето на детското убедување и однесување, да ги насочиме кон позитивно однесување кон природата и кон околината, играта секако ќе има позитивно влијание во рамките на еколошкото образование.

Она што е важно е тоа што при играњето детето може да замислува, да создава, да фантазира безгранично и на себесвојствен начин. Токму во оваа функција на игрите треба да се искористи во рамките на еколошката едукација и создавањето нови системи на вредности и нова култура на однесување, притоа да се има можност да се искористат сите видови игри како што се: конструктивните, подвижните, народните, дидактичките, игрите

[25] Шкариќ,О. (2004): " Развојна психологија", Филозофски факултет, Скопје, стр. 145

со улоги и драматизација и на сите нив да им се посветува ист третман и да бидат целосни или барем делумно во функција на екологијата.

Децата имаат потреба самостојно да воочат, да истражуваат, бидејќи таквото учење е полно со впечатоци и со лични искуства.

Така, со играта и со играњето, со местото на изведувањето на играта, со начинот на изведувањето на играта, со материјалите што се користат во играта, децата поблиску ќе ги доживеат и природата, и животната средина.

# 5. СОВРЕМЕНИ СТРУЧНО-МЕТОДСКИ ОСНОВИ ЗА ЕКОЛОШКО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ УСТАНОВИ

Во рамките на воспитно-образовниот систем треба да се создаде личност што ќе може да одговори на предизвиците кои доаѓаат, да одговори на барањата во иднината.

Потребните еколошки знаења што треба да ги усвои човекот треба да бидат соодветно „спакувани", особено кога станува збор за деца од 4 до 6 годишна возраст, тоа мора да се почитува.

Начинот на кој ќе бидат претставени работите, присутноста на естетската и на емотивната компонента, соодветната дидактичко-методска поставеност, ќе ги дадат очекуваните резултати за соодветната еколошка едукација во предучилишните установи.

Екологијата ги дава соодветните еколошки знаења, го свртува вниманието кон важните еколошки проблеми, а специфичностите на предучилишната педагогија ги „трансформираат" тие знаења на начин достапен за соодветната популација.

Современите стручно-методски основи за еколошко воспитание и образование во предучилишните установи ќе ги потврдиме со ставот дека еколошкото образование треба да почне од предучилишна возраст и тоа секако како белег на современата детска градинка, која е во тек со новините што се случуваат на ова поле.

Ако се повикаме на параметрите што означуваат квалитетна детска градинка, може слободно да забележиме дека еколошклата едукација е или може да биде составен дел во дел од тие стандарди.

Во стандардите за квалитетна градинка се вбројуваат следните:

- мултифункцијата;
- хуманистичката насоченост на курикулумот;
- истражувачко-интегративната насоченост;
- автентичноста и актуелноста на интегративните теми;
- хетерогениот состав на воспитно-образовната група;
- тимската работа;
- партнерството и волонтерството;

- флексибилноста во работењето;
- екстракуларноста;
- индивидуалната препознатливост. [26]

Еколошката едукација може да ја имплементираме речиси во сите стандарди што треба да се исполнат како дел од современото предучилшно воспитание и образование.

Ако ја дефинираме хуманистичката насоченост како почитување на реалните индивидуални искуства, потреби и интереси на детето, тогаш еколошкото образование во себе крие многу одговори што сосема одговараат на хуманистичкиот белег. Позитивната слика за себе што треба да ја изгради детето секако има можности да биде потврдена и со соодветни еколошки активности на детето, притоа во целост да бидат испочитувани личните особини на детето поттикнатаи од неговите креативни особини.

Истражувачко-интегративната компонента што треба да ја понуди детската градинка како стил на учење претставува современ методички систем кој му овозможува на детето да истражува и да пронаоѓа одговори, притоа да се има предвид интегративната тема со истражувачката ориентација, кои всушност треба да бидат и основа на еколошката едукација во детските градинки. Наизглед и најобичните природни појави, елементите од заштитата на околината и сл. може да бидат прифатени од децата само ако им бидат претставени на овој начин, при што ќе биде присутна истражувачката компонента и работите ќе им бидат претставени на конкретен начин. Тука особено треба да се искористи и А-ХА-доживувањето.

Автентичноста и актуелноста на интегративните теми во голема мера може да се пронајдат во екологијата. Екологијата несомнено спаѓа во областите што може да понудат ексклузивитет во избирањето на темите .

Тимската работа е секако дел од секоја претшколска установа, но во овој случај може да зборуваме за тим составен и од членови што имаат поголемо знаење од областа на екологијата, која ќе биде презентирана со факти, а останатите членови од тимот со својата стручност ќе овозможат приспособување на знаењата кон потребите на децата, тим составен од стручната служба на градинката, воспитувачите, родителите ... па дури да споменеме и надворешни членови на тимот, на пр., член на еколошка организација ,вработен во зоо-градина и сл.

[26] Николовска,Ј .(2007):" Педагошко-методички истражувања и погледи", Матица македонска, Скопје, стр. 53

Партнерството и волонтерството се повеќе од добредојдени, особено кога станува збор за активности што треба да се изведат надвор од просториите на градинката, и тоа за екскурзии или за одредени прошетки.

Екстракуларноста од аспект на еколошките здруженија и организации и проектите што ќе ги понудат тие за во воспитно-образовните групи од градинките би се вклучиле во нив.

Индивидуалната препознатливост - еколошката препознатливост на детската градинка ќе биде и знак за современа детска градинка, нејзин личен белег.

Најзгодниот период за почеток на развојот на еколошкото воспитание и образование е токму предучилишниот период. Затоа токму во овој период е неопходно да почне формирањето на еколошко однесување и формирањето на еколошки ставови.

„Предучилишните установи треба да дадат свој придонес во насочувањето и облагородувањето на личноста на детето во правец на хуманизирано, креативно-творечко дејствување и однесување кон животната и природната средина."[27]

Притоа, предучилишната педагогија во функција на еколошкото воспитание и образование главно ќе се потпре врз истражувањето на природата и на природните појави низ игра, креативни работилници, решавање проблемски ситуации, разговор, посети, значи ќе се користат сите досегашни форми на работа, ќе бидат почитувани принципите за работа со деца од предучилишна возраст, но во функција на еколошкото образование и воспитание на најмладата генерација.

Може да кажеме дека со љубовта кон природата, кон убавото, со интересот за природата, за нејзините појави, со љубопитството за растителниот и за животинскиот свет, со сознанијата за околината што нè опкружува и човекот во неа, може да се издвои и убавото, и корисното, и здравото за да може да се влијае врз создавањето на еколошката култура, еколошката свест, еколошките вредности, а таквото однесување и размислување да бидат трајна навика. Екологијата, всушност, треба да внесе новина во вреднувањето и во аспектот од кој ќе се вреднуваат работите околу нас.

---

[27] Камчевска ,Б. (2003) : "Предучилишните установи и едукацијата на децата за заштита на природната и на животната средина", Современото и предучилишното воспитание и основното образование - состојби и перспективи, Боро графика, Скопје, стр. 389

Всушност, предучилишното воспитание и образование има и задача да ги развие

- еколошките вредности
- еколошките навики
- еколошката култура
- еколошката свест

Сите овие компоненти треба да бидат вметнати во активностите за да може да имаме добра еколошка едукација што ќе „произведе" и еколошки стил на живеење и на однесување.

## 5.1 ЕКОЛОШКИ ВРЕДНОСТИ

„Со вредностите човек ги изразува своите интереси, желби и стремежи, тие се духовен елемент со коишто тој ги поттикнува своите сили и ги оправдува своите настојувања, тие се негова важна внатрешна димензија, но и широка општествена мера, со која тој најдобро си ги мери своите достигања, своите духовни и материјлни дострели, а во заедницата се оценуваат ориентациите, чекорите и постапките во нејзини рамки."[28]

Вредностите претставуваат еден вид огледало на човековото однесување, на неговите убедувања и настојувања, насока кон која се движи човечката цивилизција.

Секојдневните еколошки проблеми бараат, наметнуваат потреба од дополнување или од менување на човековите вредности.

Поинаквото гледање на светот околу себе доведува и до менување на вредностите на луѓето, затоа денес го преиспитуваме начинот на вреднување и на оценка на своето однесување кон природата.

Еколошкото образование го содржи во себе и прашањето за еколошките вредности.

„Еколошките вредности примарно воспоставуваат односи кон целта и задачите на воспитанието, но и други еколошко-воспитни фактори и тоа во во сите сегменти на

[28] Темков, К. (1999) : "Етиката – Десет радиопредавања", Епоха, Скопје, стр. 132,133

воспитанието (предучилишно, училишно, средно, факултети), како и во одделни научни подрачја, области и предмети.“[29]

Кога зборуваме за вредностите, може да направиме и нивно поврзување со глобалните цели што сакаме да ги оствариме во предучилишното воспитание и образование.

„Како интегрирачки фактори на личноста, како „темелна животна ориентација“, вредностите се силни мотиви и насочувачи на секој поединец, кои му помагаат во креирањето на сопствениот лик. Токму затоа, предучилишниот период е исклучително значаен во единствениот процес на изградување и усвојување на вредностите“.[30]

Вредностите, всушност, ги застапуваат нашите основни вредности за кои се залагаме, изразени со ставовите и однесувањето.

Вредностите се менуваат сами по себе со текот на времето.

Така, ако порано најголема човекова вредност беше моќта на човекот да ја „покори“ природата што насочуваше кон безгрижна експлоатација на природните ресурси, денес сѐ е сосема спротивно. Како една од најголемите човекови вредности се смета токму зачувувањето на природата и на нејзините ресурси.

Еколошката едукација во себе содржи вредности што се универзални човекови вредности во својата основа, вредности што се дел од современото предучилишно воспитание и образование.

Еколошките вредности содржат во себе еколошко лично и еколошко општествено однесување.

Најдобро е кога важат исти вредности и кога нема разлика во однос на она што се бара и што се очекува од единката и на она што го наметнува општеството.

Еколошки насочените вредности се дел и од вредносниот систем на предучилишното дете, тие се неопходна основа врз која детето ќе ја гради својата еколошка култура и еколошка свест понатаму, а особено е важна изградбата на самосвест.

---

[29] Uzelac, V. (2000) : “Ekologija temeljena na pedagogijskim pristupima I problem odgoja predškolske djece za okoliš “ , Zbornik radova strucno-znastvenog skupa,Ekologija korak bliže djetetu, Adamik, Rijeka, str. 20

[30] Дамевска, Л. (1996): “Детето и вредностит”, Просветно дело, бр. 3, стр. 67

Личните вредности, преточени во лична самосвест, ги содржат во себе и поимот обврска и поимот должност - обврската земена како наметната должност, која треба и мора де се изврши и поимот должност земен како нешто што човекот самостојно решил дека треба да го направи.

И должноста и обврската се последица на одредена вредност што треба да се заштити, а која треба да се наметне со прифаќањето на еколошките вредности како стил на живеење.

Силата на човекот не е во знаењето факти, туку во препознавањето на вистинската вредност, а една од нив е внимателниот однос кон природата и кон животната средина

## 5.2. ЕКОЛОШКА КУЛТУРА

Еколошката култура претставува секојдневен стил на живеење. Еколошката култура, всушност, претставува потврда на постоење определен систем на еколошки вредности, навики.

Таа едноставно, претставува начин на однесување во секојдневието во различни ситуации и услови, претставува начин на поддржување прифатливо однесување.

Еколошката култура ги содржи во себе:

- културата на живеење;
- културата на негување на зелените површини;
- санитарната култура и хигиена;
- културата на работа и одмор;
- сообраќајната култура на пешаците и на возачите;
- културата на одгледување цвеќиња и животни;
- културата на меѓучовечките односи;

- културата на просторно уредување на околината;
- културата на одговорност.[31]

Еколошката култура претставува скала со која може да го препознаеме односот на општеството кон природата. Колку повисоко котира еколошката култура, толку е поголема грижата за природата и за животната средина што е исто така показател на добра еколошка едукација.

За да може сите овие компоненти да бидат дел од една личност, таа не само што треба да ги познава, да има знаења од областа на еколошката култура, туку практично треба да дејствува во согласност со тие познавања, во корист на познавањата, заштитата и позитивниот однос кон природата и кон животната средина.

Ако погледнеме што сè опфаќа еколошката култура, сосема е очигледно дека е таа соствен дел на секој сегмент од човечкиот живот, од неговото секојдневие.

За да може едно дете да има еколошка култура, потребно е да поседува:

- знаење;
- навики;
- ставови;
- умеења;
- убедувања;
- одговорност;
- морални норми кон природата;
- адекватно практично однесување.

Еколошката култра треба да биде составен, природен дел од однесувањето, да се има позитивен став, позитивен однос, позитивна реакција во однос на зачувувањето на природата и на животната средина.

Еколошката култура претставува подготвеност да се однесуваме во согласност со потребата за здрава животна средина

[31] Интерна скрипта на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" за изборниот предмет Еколошко воспитание

## 5.3. ЕКОЛОШКИ НАВИКИ

Еколошките навики претставуваат систем на пожелно однесување во различни ситуации.

Во оваа функција значајни се возрасните што го опкружуваат детето и пораките што тие вербално или невербално ги испраќаат за правилно и за неправилно однесување секогаш треба да бидат исти.

Еколошките навики треба да овозможат во голем дел дејствувањето на детето да биде едноставно, правилно и секојдневно.

Карактеристично за еколошките навики е тоа што тие „се формираат долготрајно, а се менуваат тешко. Целта на навиките е да преминат во норми на однесување на секој поединец. Најповолно време за нивно формирање се предучилишната и училишната возраст. На предучилишна возраст детето и во семејството и во градинката се навикнува на еколошко однесување иако всушност не знае дека се работи за тоа. Во овој период е најлесно да се постигне еколошко примерно однесување на личноста. Еднаш формирана навика во оваа возраст е многу јака и долготрајна во однесувањето.“[32]

Најдобро е формирањето на еколошките навики да почне од најрана возраст во семејството, а потоа интезивно да продолжи и во детските градинки. Само така можеме да бидеме сигурни дека еколошките навики ќе бидат дел од позитивното однесување на децата.

Навики што треба да ги усвои детето од најрана возраст се:

- одржување на хигиената;
- рационално користење на природните услови;
- правилно користење на природните услови;
- навики за правилен и за културен однос кон различни објекти на природата и на природните убавини;

[32] Интерна скрипта на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ за изборниот предмет Еколошко воспитание

- правилен однос кон животните и кон растенијата;
- навики за чување и за одгледување цвеќиња;
- навики за престој во природа.[33]

Колку повеќе навиките се составен дел на детето, толку и неговата еколошка култура е поголема, а и толку повеќе неговото свесно влијание врз природата и врз природната средина ќе биде во позитивна насока.

## 5.4 ЕКОЛОШКА СВЕСТ

Во формирањето на еколошката свест големо влијание има системот на воспитание и образование. Колку успешно ќе им предочите на децата што се случува со природата, всушност како и ние може да дејствуваме, толку повеќе или помалку децата ќе имаат развиена свест за пожелните и за непожелните постапки. Од особена важност е детето да стекне сознанија за последиците од своите постапки, независно дали ќе ги окарактеризираме нив како позитивни или како негативни.

Еколошката свест треба да се вметне суптилно како сфаќање на промените во природата под дејство на човекот и како подготовка за акција за нејзина заштита.

Еколошката свест може да ја изедначиме и со чувството на одговорност што ќе го има личноста во одредена ситуација поврзана со природата и со околината.

Развојот на чувството на одговорност на секоја личност кон своите постапки или дејствија за начинот на своето дејствување кон природата и животната средина претпоставува постоење на еколошката свест, која во системот на образованието треба да се потврди, да се поттикне и да се зголеми.

Во денешниот момент може да забележиме дека човековата свест и одговорност допрва се развива, а досега како да ја немало, во спротивно природната средина и околина би биле во поинаква состојба од денешната.

Под еколошка свест потребно е да се „подразбере чувството на загрозеност на животната средина, сфаќање на потребата и можноста за заштита, вредноста на

---

[33] Интерна скрипта на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" за изборниот предмет Еколошко воспитание

еколошката организација на личноста како подготвеност за учество во активностите за заштита во услови на деградација. Степенот на еколошката свест на личноста се изразува со тоа колку знае, може и сака активно да учествува во заштитата на животната средина“.[34]

Личната и општата одговорност, еколошката свест на поединецот и на општеството претпоставуваат основен услов за степенот на еколошкото дејствување во една заедница што има тенденција да води сметка за природата и животната средина и за човековото дејствување во неа.

Еколошката свест содржи во себе:

1. Интелектуална компонента (која ги содржи во себе знаењата, информациите поврзани со природата и со нејзината заштита);

2. Емоционална компонента (која ја содржи во себе љубовта кон природата и кон животинскиот и растителниот свет во неа);

3. Волева компонента (која претставува реализирана активност поврзана со заштитата на природата и на животната средина).

Овие елемнти ќе бидат од исклучителна важност ако се обединат во еколошката иницијатива и во еколошката одговорност. Најзгодно место за обединување и за реализирање на еколошките компоненти во рамките на еколошката свест се секако воспитно-образовните институции.

„Еколошката свест се формира со учење инститиционално или вонинституционално. Најсистематско учење овозможуваат воспитно-образовните институции (градинки и училишта). Тие се главен фактор во подигнувањето на еколошката свест.[35]

[34] Интерна скрипта на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ за изборниот предмет Еколошко воспитание

[35] Интерна скрипта на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ за изборниот предмет Еколошко воспитание

# 6. МЕНАЏИРАЊЕТО И ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

Детската градинка пред себе мора да има одредена визија кон која се стреми и одредена мисија со која настојува да го оствари замисленото. Притоа, она што е замислено како крајна дестинација не е поставена цел која треба само да се исполни, туку е само едно определено ниво што се постигнува, а по неговото реализирање веќе нè чека друг предизвик кон кој треба да се стремиме.

,,Менаџментот е универзален процес на ефективно извршување на работата со помош на други луѓе и ангажирање на ресурсите во остварување на однапред дефинираните цели на претпријатието."[36]

Всушност, во остварувањето на секое следно ниво и во остварувањето на насоката на движење по одредена цел е задолжителен менаџментот во детската градинка. Менаџирањето е начин да се предвидат добрите насоки на движење на детската градинка.

Всушност, менаџирањето е динамичен процес, сила што треба да овозможи оптимални услови за работа и развој на детската градинка како институција, всушност треба да обезбеди ефикасно и ефективно работење, но секогаш да води кон повисоко ниво од претходно резлизираното.

Ефективноста и ефикасноста во успешното менаџирање се она што значи дека менаџерите во детската градинка ќе овозможат да се прават вистинските работи на вистински начин, а при тоа да се постигнат солидни резултати.

Процесот на менаџирање со детската градинка ги содржи следните функции во себе:

1. Планирање - определување каде сме и каде сакаме да бидеме, поставување јасна цел и избирање соодветни правци на акција и определување на потенцијалот што ни е потребен;
2. Организирање - поставување јасна конкретна цел, креирање структура на одделни членови и определување на начинот на нивното работење, формирање работни тимови;
3. Координација - успешно тимско работење на сите вклучени во реализацијата;

---

[36] Гоцевски, Т. (2007) : "Образовен менаџмент", Филозофски факултет, Скопје, стр. 19-20

4. Поттикнување - постојано охрабрување, мотивирање на сите учесници;
5. Контрола - проверка дали сите досегашни преземени дејствија нѐ водат успешно кон поставената цел.

На овој начин менаџирањето со детската градинка е процес што ги опфаќа сите аспекти од кои зависи успешното работење на речиси секој субјект, па и на детската градинка.

Ако на сето ова додадеме дека системот на воспитание и образование е една сложена целина или множество, сочинето од многубројни еднородни и разновидни елементи што прават една структира и функционална целост, со безброј меѓусебни интеракции, но и со интеракции со своето опкружување, образовниот менаџмент, ќе ни биде само уште една потврда за неопходноста од постоењето менаџерски тим во детската градинка како основен услов за нејзин успех.

## 6.1. ЕКОЛОШКИТЕ АКТИВНОСТИ И ПОТРЕБАТА ЗА НИВНО МЕНАЏИРАЊЕ

За да може да се следат успешно сите современи текови што ги носи човековата цивилизација, поточно општеството во кое дејствуваат градинките и современите светски трендови во рамките на предучилишната педагогија, потребно е да се има добра организација, односно добро менаџирање на сите ективности, внатрешни и надворешни субјекти и фактори, за да се добие успешна организација, која е во фукнција на подобрување, осовременување и унапредување на воспитно-образовната работа во детските градинки.

Ова е дотолку поважно ако се земе предвид дека денешните детски градинки не функционираат зад „затворени" врати. Конкуренцијата е поголема не само меѓу јавните детски установи, туку и меѓу приватните детски градинки, игротеки, детски центри, па и за чувањето на децата дома.

„Менаџментот, како современ концепт за управување и за раководење на воспитно-образовните институции, се наметнува како императив на времето, особено во услови кога и во оваа област се промовира пазарното работење и конкуренцијата." [37]

[37] Гоцевски,Т.(2007) : "Образовен менаџмент", Филозофски факултет, Скопје, стр. 269

Кога зборуваме за успешност на градинката, овде ќе го разгледаме тоа од аспект на еколошките активности кои се еден основен фактор, не само основна потреба, а и белег на современите детски градинки и на нивните активности.

За да се добие успешен, целосен, развојно-поттикнувачки процес, треба да се направи избор и добра организација на сите оние што се присутни, актуелни и може да придонесат на некој начин за остварување на воспитно-образовните задачи што ги предвиделе воспитувачот во рамките на својата група, како и стручната служба во рамките на целите на градинката. Значи, потребно е да имаме добро менаџирање на воспитната група и добро менаџирање на градинката во целост.

За да може детската градинка да биде дел од современото воспитание и образование, таа мора сериозно да размислува за актуелноста на воспитно-образовните содржини што ги нуди, за начинот на нивното реализирање и, пред сѐ, посебно да внимава на квалитетот на воспитно-образовниет процес. Оттука и менаџирањето денес се претставува како современа и неодминлива потреба на детската градика.

Поточно, потребно е добро поврзување на средствата, методите со определена цел, а во функција на добро извршена активност, притоа екологијата дава многу можности, разновидности во смисла на можностите да се организираат, да се групираат, да се соединат или да се разединат повеќе фактори во функција на еколошките активности во детските градинки.

Имено, од начинот на менаџирањето на една детска градинка ќе зависи:

- степенот на отвореност или на затвореност на градинката;
- актуелизацијата на еколошките проблеми на ниво на воспитна група или на детска градинка;
- унапредувањето на воспитниот кадар или менувањето на гледиштата по однос на важноста за екологијата и на нејзиното вклучување во секојдневната работа;
- внатрешното и надворешното уредување на градинката;
- соработката со родителите;
- соработката со еколошките организации;
- соработката со други институции (општината, комуналните претпријатија, хортикултурните претпријатија...)

Доброто менаџирање ќе придонесе за добра организација, за успешна работа и за остварување на предвидените цели, просто кажано, ќе придонесе да се постигнат успешни педагошки резултати.

## 6.2 МЕНАЏИРАЊЕТО И СТРУЧНАТА СЛУЖБА ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

Стручната служба е тим што е составен од лица кои според својата професионална определба се педагози и психолози иако во суштина оваа служба за да биде целосна, треба да биде надополнета со дефектолог, логопед и социјален работник.

Стручната служба, во денешни услови, всушност претставува менаџерски тим на градинката, чиј член е и директорот на детската градинка. Овој менаџерски тим треба да биде носител на сите основни промени на работата во детската градинка.

За да може да биде вистинска движечка сила, овој менаџерски тим треба:

- да има поставено јасни цели пред себе;
- да ја следи работата на детската градинка;
- да е во постојано рефлексирање на процесот и на квалитетот на работата на детската градинка;
- да умее да ги искористи разликите во развојни и креативни цели;
- да има способност да ги решава проблемите во институцијата;
- успешно да ја претставува институцијата пред пошироката јавност;
- да создава врски со други институции што влијаат врз работата на детската градинка;
- да остварува подобри образовни резултати.

Од овој менаџерски тим зависат многу решенија, но и организациската култура во градинката. Тие треба да имаат точна перцепција во рамките на воспитно-образовната сфера, едукативната и научно-истражувачката работа. Нивна единствена цел е да создадат организација на работа во детската градинка за остварување подобри воспитно-образовни резултати, при што детето е во центарот на креирањето на сите решенија во работата, да создадат организација која учи да се поттикнува и да се насочува воспитниот

кадар за постојано учење, за создавање континуирана развојна програма за развој и надградување за да може да создаде воспитно-образовен тим од воспитувачи, помошници на воспитувачите и стручни соработници што ќе ги прифаќаат иновациите во духот на времето.

Се разбира, нивна водечка мисла секогаш треба да биде прашањето: ,,Каде се наоѓа нашата детска градинка во однос на глобалниот тренд на развој на предучилишното образовние?"

Образованието е императив за сечиј успех, а промените во детската градинка се услов за квалитетно образование .

Но, нештата сами по себе не се случуваат, туку ние ги менуваме, а во случајов стручната служба е генераторот на промените и нивен координатор.

## 6.3. ВОСПИТУВАЧОТ И УСПЕШНОТО МЕНАЏИРАЊЕ СО ВОСПИТНАТА ГРУПА

Основната клетка на дејност во детската градинка како институција е една воспитна група. Имено, секоја воспитувач треба да биде добар менаџер на својата воспитна група од образовен и од воспитен аспект, со исклучително добро познавање на дидактичките и на методичките компоненти на активностите, развојните домени и развојните какрактеристики на сите челнови на групата, како и на нивните културни белези.

,,Големи задачи стојат пред современиот професионално компететен наставник, кој треба да се стави во позиција на успешен менаџер, за да постигне успешност и квалитет во воспино-образовниот процес."[38]

Всушност, воспитувачот треба да создаде пред сè позитивна клима во групата, да отсвари баланс помеѓу воспитниот и образовниот дел на активностите, да обезбеди услови за развој на децата од аспект на сите развојни домени, да обезбеди интегрирани активности, при што екологијата ќе биде застапена во помала или во поголема мера, во насочениот дел или во секојдневниот стил на однесување.

[38]Коскарова, Р (2008):" Стратегии, модели и техники за успешно менаџирање со одделението или класот" Графикмак-принт, Скопје стр. 10

Во организирањето на работата треба да има сообразеност со возраста на децата, да се овозможи да дојде до израз програмско-курикуларната поставеност што произлегува од интересите на децата, но и од целокупната програмска поставеност на детската градинка во целина.

Насоката што ја определува детската градинка е во функција на остварување на веќе определената цел од детската градинка и од воспитувачот.

Всушност воспитувачот-менаџер е клучната, извршна алка од која најмногу зависи квалитетот на изведените дидактичко-методички акткивности во насока на реализирање на еколошките активности.

Со работата на воспитувачот доаѓа до израз неговото индивидуално креативно-творечко дејствување преточено во реализација на дневните активности во воспитната група. Воспитувачот има посебна одговорност во остварувањето добро организирани активности што нема да бидат само лежерно споменати, туку ќе изобилуваат со практични активности, користење многу извори на знаења, но и со активно вклучување на децата во природата за природата. Всушност, добриот менаџер треба да создаде како своја основа курикулум што се развива од вистинските животни појави и нив да ги надградува користејќи притоа соодветни техники, модели и стратегии што низ игра и кооперативно учење ќе придонесе за согледување на единството на природата и на човековото постоење.

Во рамките на успешното менаџирање со воспитната група, мора да ги споменеме и семјните едукативни работилници, кои не само што ќе бидат поддршка на воспитувачот, туку ќе бидат усогласување на воспитниот стил на однесување во градинката и во семејството.

Се разбира, за успешно остварување на целите на екологијата, не се потребни нови стратегии, модели и техники на однесување, туку веќе постојните да се приспособат, да се збогатат со уште една воспитно-образовна карактеристика, но со нејзино секојдневно присутво.

Всушност, менаџирањето на една воспитна група доведува до директна и до индиректна едукација и можност за создавање единствена воспитна поддршка на децата, но и можност за квалитетно родителство, што уште повеќе ќе го нагласи успешното менаџирање на воспитната група.

Со ваквиот начин на менаџирање со активностите во градинката, но и надвор од неа, воспитувачат го отвора патот за развој на екологијата.

## 7. ЗНАЧАЈНИ ФАКТОРИ ЗА УСПЕШНА ЕКОЛОШКА ЕДУКАЦИЈА ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

Како фактори на еколошката едукација ќе ги определиме оние што имаат доминантно влијание, воопшто во целокупниот развој на детето, па во тој контекст овие фактори имаат можност и моќ да влијаат позитивно и врз развојот на еколошката едукација.

Како значајни фактори ќе ги вброиме:

- семејството;
- воспитувачот;
- еколошкото дизајнирање на просторот во детската градинка.

Овие фактори се, всушност, основа на социјалното опкружување на детето што влијаат позитивно или негативно врз целокупниот развој на детето, а во нашиот контекст и врз еколошката едукација како современ фактор во растењето и во развојот на предучилишното дете.

Се разбира, тука може да се додадат врсниците, медиумите, печатените изданија за деца и сл., но ние се задржуваме на овие три како доминантни во создавањето позитивна еколошка ориентација кај детето. Избрани се како фактори што најмногу влијаат врз создавањето на вредностите кај детето вклучувајќи ги еколошките вредности, особено што овие три сегменти и нивното заемно дејствување се основни постулати за успешно организирана предучилишна установа.

## 7.1. ВОСПИТУВАЧОТ КАКО ОСНОВЕН ПРЕДУСЛОВ ЗА ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА ЕКОЛОШКА ЕДУКАЦИЈА

Освен семејството, воспитувачот е вториот значаен сегмент во животот на предучилишното дете. Воспитувачот како основен фактор на успешно извршената акција, како фактор што дава важност на избраните содржини, како „матица" што ги движи дневните активности е еден од најдоминантните фактори за организирање на еколошкото образование во детските градинки.

„Воспитувачот треба да ги поседува следните особини важни за успешност и правилен развој на детето ...

- љубов кон децата;
- високо изграден и воспитен морал кон работата;
- чувство на хуманост како особина;
- способност за воспоставување позитивни емоции со децата;
- широка култура и образование;
- креативност, наклоност кон внесување новини и критички поглед кон работите;
- високо изграден поим за себе;
- способност за интеракција и комуникација, ведар дух, динамичност, расположение, контактибилност и отвореност;
- толерантност, коректност и трпеливост;
- иницијативност и инвентивност во работата;
- висок степен на самокритичност, самопочитување и самоконтрола на сопствените постапки и емоции;
- умешност и стручна подготовка за комуникација;
- доверливост;

– изграден правилен став по однос на значењето на тимскиот и мултидисциплинираниот приод во работата.“[39]

Воспитувачот треба да дејствува во секојдневните активности ненаметливо во правец на:

- насочување;
- менување, поттикнување;
- организирање;
- да биде личен пример во текот на целиот работен ден.

Воспитувачот треба да има предвид дека тој со своето директно влијание врз децата врши индиректно влијание и врз родителите. Семејството бргу ќе го прифати она што нивниот воспитувач го сугерира или ќе укаже што е потребно да се направи за доброто образование и развој на нивното дете, дури и во оние ситуации кога можеби претходно и воопшто не се размислувало за поинаков начин на однесување или поддржување на одреден вид однесување.

Воспитувачот е професионалец што треба да ја вметне еколошката едукација на соодветен начин во секојдневието на децата од својата воспитна група или, пак, во одредени случаии да биде сосема одделен самостоен сегмент на одредена активност. Сето ова е потребно не само поради тоа што тој има законска обврска да ги исполни целите според програмата, туку затоа што треба да има и позитивен став кон еколошкото воспитание и образование и самиот да биде свесен за вистинското значење на еколошката едукација.

Колку повеќе се застапени елементите на еколошката едукација во секојдневието на предучилишните деца, толку повеќе ќе бидат прифатени како стил на секојдневно однесување и размислување во слични или во исти ситуации и надвор од градинката.

Добро осмислените и организирани активности даваат исклучително добри можности за развој на еколошкота едукација. Прв сегмент кон сето ова е добро подготвената околина што во целост ќе го привлече вниманието на детето, која ќе ја предизвика неговата љубопитност, која ќе го поттикне неговиот истражувачи дух, ќе го поттикне на размислување во насока на барање решенија и одговори или, едноставно, кон согледување одредени факти.

---

[39]Котева, Т. (1996) : “Детето-рамноправен партнер и субјект на воспитанието и образованието”, Гоцмар, Битола, стр. 73

Воспитувачот треба да искаже подготвеност да влијае врз светот со создавање чувство на одговорност, пред сè, на лична одговорност кон своите или кон човековите постапки кон природната средина. Тој треба да ги почитува детските идеи во целост и да ги користи за обликување на еколошките активности. Одговорноста за начинот на почитувањето и на потребите на детето и за ставањето на неговите потреби во централен интерес е целосно на воспитувачот, а притоа тој треба да го направи денот целосно исполнет, со соодветни еколошки содржини што се забавни, интересни, поучни и што одговараат комплетно на поставените цели.

Воспитувачот во своето работење треба да ги има предвид и задачите на еколошкото воспитание и образование, а тоа се:

- развивање способност за перцепција на животната средина;
- усвојување систем на еколошки знаења;
- градење вредносен еколошки систем;
- формирање еколошки навики;
- стекнување еколошка култура.[40]

Сето ова добива уште поголемо значење ако знаеме дека најголем дел од денот децата го поминуваат во детската градинка и тоа време е неопходно да се искористи во целост.

Воспитувачот е, исто така, одговорен и за модификувањето на средината, односно за добро подготвената околина во која децата ќе може да играат, да истражуваат и да учат.

Воспитувачот е одговорен и за просторното уредување на градинката, особено на еколошките катчиња, на можностите за нивно отворање во групата или во друг дел на градинката или во нејзиниот двор, одговорен е и за степенот на учеството што ќе го земат децата, нивните родители, како и за можноста за проширување на таквата соработка со еколошките здруженија или организации.

Еколошките катчиња, нивното обновување, дополнување, реорганизирање се активности што треба да ги искористи воспитувачот при конкретното решавање на еколошките проблеми низ игра.

---

[40] Митиќ, Љ. (2008): " Методика еколошког васпитања", Учитељски факултет у Врању, Врање, стр. 32

Исто така, тие претставуваат одличен извор на знаења за децата. Изборот и разновидноста на овие катчиња е голем, но воспитувачот е тој што треба да направи проценка кои катчиња и во која функција ќе бидат отворени, во кој дел од денот, што е тоа на што ќе бидат фокусирани децата. Особено е значајно што овие катчиња бараат секојдневно ангажирање за нивно одржување, во што може да учествуваат и децата.

Детето се развива со активност, интеракција со средината, а воспитувачот е должен да обезбеди доволно време тоа да ја истражува средината и да има можност да прави избор во врска со активностите во кои сака да учествува.

Кога зборуваме за воспитувачот, како главен фактор во воспитнообразовната работна дејност во одредена воспитна група, мора да нагласиме дека во успешното менаџирање на еколошките содржини и активности големо влијание имаат и личните ставови на воспитувачот кон екологијата и кон еколошката едукација.

Ставовите на воспитувачот може да упатат на односот кон глобалните еколошки проблеми и кон екозадачите, екосодржините, екоактивностите и екокомуникацијата во детската градинка.

Со еден збор, еколошката свест на вопитувачот влијае и врз создавањето на еколошката свест кај децата.

Ако воспитувачот има личен позитивен став кон еколошката едукација, ако ја согледува нужноста за таквата едукација од првиот степен на воспитание и образование, отпорот кон ваквите видови активности или нивното потенцирање во секојдневието нема да наидат на пречки.

Еколошките содржини, еколошките задачи, еколошките активности, еколошката комуникација претставуваат дел од секојдневните обврски на воспитувачот, кој треба да ги обмисли, да ги усогласи и да дејствува според нив.

Воспитувачот во секој момент на своето насочено дејствување мора да има предвид за што, за која цел децата стекнуваат искуства, начинот на кој ќе го стекнат искуството, местото каде што ќе го стекнат искуството и контекстот и корелацијата со останатите содржини и области.

Притоа, треба да се има предвид дека еколошката едукација има можности за корелација со сите останати воспитно-образовни подрачја во предучилишното воспитание и образование.

Степенот на нагласеност на еколошката компонента ќе зависи исклучително од личната проценка на воспитувачот. Воспитувачот треба да ги респектира детските идеи и да ги користи во обликувањето на програмата.

Значењето на воспитувачот е уште поголемо за еколошката едукација зашто од него зависи и еколошката едукација на семејството. Ако родителите се навремено информирани за активностите во групата, не само што ќе може да земат учество, туку и веројатноста да ги поткрепат стекнатите еколошки знаења е поголема, како и нивното практикување во домашни услови, што е во суштина и најидеалната поткрепа на еколошката едукација

Бројот на преземените еколошки акции, новите моменти во нив, широчината и длабочината на разгледувањето одреден проблем во рамките на одредени специфичности повторно зависат од личниот став на воспитувачот и од неговата стручна подготвеност да одговори на современите потреби на предучилишното воспитание и образование.

Воспитувачот мора да познава разни извори на информации, треба да ги согледува другите искуства на иста или на сосема различна тема и, пред сѐ, постојано активно да размислува за одредена еколошка проблематика што сака да ја работи.

Воспитувачите, всушност, во својата професија имаат и лична обврска да се во постојано стручно усовршување и надградување, особено на еколошката едукација во рамките на предучилишната педагогија, како еден од поновите предизвици што се јавуваат, а кои треба да обезбедат футуролошки насочена едукација за новите генерации.

За да може да биде реализирано сето ова практично, воспитувачот треба да ги поседува следните вештини:

- слушање;
- рефлексија;
- појаснување;
- поставување прашања;

- барање примери.[41]

Она што може да се постигне со децата на оваа возраст е исклучително и неповторливо, затоа и постојаната саморефлексија на воспитувачот треба да биде секојдневен елемент што ќе нè насочува кон поголема инвентивност во работата со децата. Постојаната рефлексија и саморефлексија се основен параметар за квалитетот на личната работа на воспитувачот

## 7.2. СЕМЕЈСТВОТО КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА ДОБРА ЕКОЛОШКА ЕДУКАЦИЈА

Семејството е првото и основно опкружување на детето. Тоа претставува значаен фактор на воспитување на детето, а во тоа воспитување треба да се препознаат и еколошките компоненти, поточно степенот на влијание врз соодветната еколошка култура и свест.

Во оваа смисла е важен и воспитниот стил на семејството, поточно колку е семејството отворено за прифаќање на новите вредности, а екологијата секако претставува една нова вредност што, пред сè, треба да се практикува во семејството.

Стекнувањето на првата слика за светот што го опкружува детето дава можност тоа постојано да го збогатува своето искуство, можноста да се прифати семејната култура дава добра основа во која мера детето ќе ги добие првичните информации и ќе се сретне со еколошкото дејствување и во која мера активно ќе учествува во нив, се разбира со различен степен на самостојност.

Како и во други одделни сфери, така и во однос на семејната еколошка култура, родителите можеби ќе имаат потреба од сознанија за еколошката компонента во развојот и можностите на детето и за можностите за нивно влијание во таа област.

Колкав е степенот на еколошката свесност кај родителите, колку знаењето од областа на екологијата е присутно во смисла што може тие да направат како единки, толку и степенот на прифаќање од детето ќе биде поголем.

Семејството остварува најголемо влијание врз еколошката едукација со:

[41] Petrović, B.(2000): „Neke suvrementre stručno-metodičke osnove ekološkog odgoja u predškolskoj ustanovi , Zbornik radova stručno-znanstvenog skupa, Ekologija korak blize detetu,Adamic, Rijeka, str. 46-47

- перцепирање на загрозеноста на животната средина;
- информирање за фактите што се од еколошки карактер;
- информирање за вредностите од еколошката ориентација;
- емоционално доживување на средината;
- информирање за подготвеноста за организирање активности за прашања на животната средина

Семејството претставува заначаен потенцијал за изведување ставови и убедувања за заштита на животната средина.[42]

## 7.3 ОТВОРЕНОСТА НА ГРАДИНКАТА ВО ФУНКЦИЈА НА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СИТЕ МОЖНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ЕКОЛОШКИ АКТИВНОСТИ ВО РАБОТАТА

Отвореноста на градинката е одличен предуслов за успешна еколошка едукација што треба максимално да се искористи. Отвореноста на градинката треба да претставува „изнесување" на воспитно-образовната работа надвор од просториите на градинката, вклучување на семејството или на други субјекти во активниот живот на предучилишната установа.

„Отвореноста на предучилишната установа може да ја поделиме на отвореност кон

- потесната општествена средина;
- поширокaта општествена средина."[43]

[42] Кундачина, М. (1998): "Семејството како фактор на еколошкото воспитание", Просветно дело, бр. 5, стр 8
[43] Камчевска, Б. (1999):" Предучилишното воспитание и образование како отворен систем" , Педагошки факултет „Св. Климент Охридски", Скопје, стр. 18

### 7.3.1 СОРАБОТКА МЕЃУ ПРЕДУЧИЛИШНАТА ИНСТИТУЦИЈА И ПОТЕСНАТА ОПШТЕСТВЕНА СРЕДИНА/СЕМЕЈСТВОТО

Остварувањето на потесна соработка меѓу детската градинка и семејството е неопходно бидејќи родителите се главните поддржувачи на активностите во градинката, а особено се потребни за реализирање одредени специфични акции од областа на екологијата, посети или излети, при што нивната вклученост ја подразбира нивната физичка присутност и вклопување во организациската поставеност на еколошката активност и едукација што се спроведува, а еколошката едукација добива двојно значење затоа што на тој начин не се едуцираат само децата, туку индиректно се влијае и врз еколошката едукација на родителите.

Присуството на семејството е особено неопходно при организирање излети во функција на еколошката едукација. „Тоа е непосредна средба на децата со растенијата, птиците, животните, инсектите, односно средба на еден жив свет во природа“.[44]

Во рамките на овие еколошки излети единствени по својата содржина, семејството претставува значаен фактор во нивната успешна реализација, и тоа почнувајќи од давањето согласност за учество на нивното дете во активности што се изведуваат надвор од просториите на градинката до организациски и едукативни задолженија што ќе бидат во функција на соодветен квалитет во еколошката едукација при ваков несекојдневн вид активности.

Посебно ќе ги издвоиме и наменските акции што се случуваат во градинката со одредена еколошка цел, на пример, акции од типот:

- собирање лековити билки;
- собирање стара хартија и пластични шишиња;
- средување на дворот на градинката;
- засадување садници со цвеќе;
- учество во позеленување на дворот на градинката и сл.

---

[44] Стоилковски,П .(1995): “ Еколошките катчиња како извори на знаења на децата “, Просветно дело бр. 1, стр. 69

Инаку, родителите треба да бидат присутни во сите останати форми на соработка меѓу детската градинка и семејството, како што се:

- индивидуални средби;
- отворени денови во градинката;
- писмено комуницирање;
- родителски состаноци;
- приредби и прослави;
- посети на семејства;
- изложби;
- присуство и активно учество на родителите во работата на воспитната група;
- вклучување на родителите во планирањето на восипитно-образовната работа.

Ако сите овие форми имаат елементи на еколошка едукација, тие ќе бидат во функција на подигање на нејзиниот квалитет во детската градинка, чии основни позитивни рефлексии ќе бидат врз децата.

## 7.3.2.ОТВОРЕНОСТА НА ГРАДИНКАТА И НЕЈЗИНАТА СОРАБОТКА СО ПОШИРОКАТА ОПШТЕСТВЕНА ЗАЕДНИЦА

Отвореноста на градинката кон општествената средина е исто така важен сегмент во реализирањето целосна и успешна еколошка едукација во предучилишните установи.

Кога зборуваме за овој вид отвореност, мислиме, пред сѐ, на отвореноста кон локалната средина и на можностите за вклопување на децата во еколошки акции, проекти, активности, манифестации и сл., кои се организирани од субјекти надвор од детската градинка.

Во овој контекст, несомнено укажуваме и на потребата за поголем степен на отвореност не само кон локалната заедница што е исто така важен сегмент, туку и за можностите на соработка со постојните еколошки друштва и организации во нашата република чија основна дејност, меѓу другото, е и еколошката едукација.

Во нивни рамки може да се најдат и главните извори на содржини и активности поврзани со еколошката едукција, се разбира, соодветно обликувани за одредената возраст.

Солидната подготовка и соработка ќе резултира и со соодветни еколошки активности што ќе бидат во прилог на поставените еколошки цели и задачи во рамките на воспитната група или на градинката.

Во Република Македонија постојат еколошки организации што секако ќе може да се искористат на некој начин за позитивно дејствување. На територијата на Град Скопје, има 26 еколошки организации, а на ниво на Република Македонија - 126, без градот Скопје.*

*податокот е земен од Централниот регистар на РМ (18.02. 2014 г.)

# 8. ЕКОЛОШКАТА ДИМЕНЗИЈА НА ВНАТРЕШНОТО И НА НАДВОРЕШНОТО УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДИНКАТА

Кога зборуваме за еколошката димензија на просторот во предучилишните установи, мислиме пред сè на стилското внатрешно и надворешно уредување.

Посебно значење му даваме на надворешното уредување, поточно на уредувањето на дворот, кој треба во секој свој дел да ги истакнува убавините на природата и на нашата грижа кон нив, да плени со естетиката и истовремено да се искористи, барем во еден негов дел, како можност за поттикнување активен однос на децата кон природата, поточно кон негово организирано уредување и одржување.

Во рамките на надворешното уредување на дворот ќе ги спомснеме и катчињата (центрите за учење) во дворот

- простор за качување;
- копање, игри со вода и простор со кал;
- мирен простор;
- простор за работа со дрво;
- простор за градина.

„Надворешната околина во себе вклучува не само игра, туку и паркови, соседства, езера и мали простори за да одгледуваме нешто."[45]

Секогаш е возбудливо кога активностите се изведуваат надвор од занималните, особено кога тоа „надвор" е во позната или во непозната средина.

Секако, учењето во природа дава сосема поинаков поглед на светот околу нас и можност за наше поинакво дејствување.

Ако градинката поседува ваков добро уреден двор и ако воспитувачот умее добро да ги организира активностите на децата, природата ќе биде дел од нивното секојдневие и во крајно урбани средини, а колку повеќе се навраќаме кон природата, толку повеќе децата ќе бидат дел од неа и, пред сѐ, ќе бидат благонаклонети кон потребите на природата.

Не помалку важно е и внатрешното еколошко уредување на градинката и на занималната.

Внатрешното уредување има можност да биде дизајнирано со разни видови еко-катчиња(еко-центри за учење) чија цел и функција е приближување на природата и зголемување на еколошката едукација

Во таа насока може да зборуваме за:

- ботаничко катче;
- овошно катче;
- аквариумско катче;
- терариум;
- кафезно катче;
- инсектариум;
- семенариум;
- екобиблиотека.[46]

---

[45]Предучилишен проект - Работна и воспитна програма „Сорос" 1994, стр. 109
[46] Стоилковски,П .(1995): " Еколошките катчиња како извори на знаења на децата ", Просветно дело бр.1

Сето ова има големо значење во еколошката едукација, особено ако во нивната подготовка и одржување учествуваат децата и нивните родители.

Сите тие едноставно претставуваат дел од природата внесена во просториите на градинката, која може да се искористи во секојдневните активности да биде нешто што постојано ќе ги опкружува децата, нешто што ќе внесе разновидност и убавина во градинката.

## 9. ПРИМЕНА НА ЕКОАКТИВНОСТИ ВО ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Како што веќе напоменавме, еколошкото воспитание и образование е белег, но истовремено и предизвик на предучилишното воспитание и образование.

Тоа има свое место во рамките на програмата за работа во предучилишните установи, а модалитетите на нивната практична примена зависат од воспитувачот, кој е основниот креатор на воспитно-образовната работа во групата.

Можностите за практикување на екологијата може да ги поделиме на:

- работа во секојдневните активности во групата и
- работа на еколошки проекти.

## 9.1 ЕКОЛОГИЈАТА ВО СЕКОЈДНЕВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Екологијата е дел од националната програма и таа, како едно широко подрачје, има можност да биде дел од секојдневите активности во групата независно дали тие ќе бидат насочени кон остварување определена еколошка цел или ќе бидат дел од слободните активности.

Ова е особено прифатливо ако градинката има соодветно еколошки дизајниран простор. Што поголемиот број еколошки катчиња, изложбени делови со еколошки активности, семејни работилници од областа на екологијата, придонесуваат вниманието на децата и во случаи кога екологијата нема да биде во нивниот фокус, сепак да биде дел од нивното секојдневие - директно или индиректно.

Холистичкиот пристап нуди совршена можност за единствен и целосен пристап кон согледувањата кои се случуваат во природта ,човекот како дел од природата и причинско-последичните врски,и тоа во секојдневните активности независно каде ке биде центарот на нивното случување.

И играњето со природен и неструктириран материјал има големо позитивно влијание врз постигнувањето повисок степен на еколошката едукација, честите игри и прошетки во дворот на градинката може да бидат доволни за забележување на некои од основните елементи од еколошката едукација.

## 9.2 ЕКОЛОШКИТЕ ПРОЕКТИ ВО ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ УСТАНОВИ

„Активниот однос кон околината ги изградува кај децата еколошкото знаење и однесување. Денешната детска градинка ако сака да биде современа, треба децата да ги активира и нивните сили да ги насочи кон еколошките проекти во кои се ужива, доживува, истражува, изразува."[47]

Еколошките проекти во предучилишните установи ги имаат сите карактеристи што важат за проектите што може да се организираат со соодветна возрасна група. Она што е можеби најкарактеристично е нивната индивидуална препознатливост, препознатливоста по однос на еколошките аспекти со кои се опфаќаат и дидактичко-методичките специфичности.

---

[47] Uzelac, V. (2000): " Ekologija temeljena na pedagogijskim pristupima I problem odgoja predškolske djece za okoliš" ,Zbornik radova strucno –znastvenog skupa, Ekologija korak bliže djetetu, Adamik, Rijeka, str. 29

Тоа може да бидат проекти на ниво на цела предучилишна установа, дел од една детска градинка (еден нејзин објект) или од одделна возрасна или, пак, воспитна група.

Нивна најсилна, ексклузивна страна, ако така може да се каже, е дидактичко-методичкот аспект, начинот на осознавање и доближување до децата одредена содржина и сознајните, истражувачки активности кај децата.

Нивен белег е нивната изворност и оригиналност, различност во споредба со проект работен на иста или на слична тема во друга градинка или установа.

Ваквите еколошки проекти може да бидат иницирани од децата, воспитувачот, предучилишната институција, еколошката организација...

Проектната активност сама по себе нуди можности за согледување на одредени нешта со различна длабочина и широчина, со навлегување во детали, согледување на причинско-последична поврзаност, односот помеѓу повеќе фактори и човековото дејствување во тој дел.

Биодиверзитетот е секогаш интересен за децата, особено ако го имаме предвид фактот што нивните меки играчки, цртаните филмови, сликовниците, изобилуваат со жив свет и е многу лесно да се предизвика нивното љубопитство и внимание, но и да се создаде поинаков поглед на светот околу нас.

# 10.ИЗВОРИ НА ЕКОЛОШКИ СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ

## 10.1. НАГЛЕДНИТЕ СРЕДСТВА КАКО ИЗВОРИ НА ЗНАЕЊЕ

Нагледните средства треба да бидат во целосна функција на остварување на еколошката цел што ја определил воспитувачот.

Тоа може да бидат постери, слики, фотографии, серија слики, користење жив примерок, природен материјал, цд-ром со соодветна содржина, цртан филм...

Сето она што ќе ја зголеми визуализацијата, сето она што ќе биде во рамките на конкретното сфаќање на нештата, сето она што треба да помогне во поцелосно согледување на работите.

Исто така, треба да имаме и предвид дека освен целната дидактичка намена, тие треба: ,,Да бидат во согласност со хигиенските, економските и естетските барања, т.е. тие не смеат да бидат опасни по животот или штетни по здравјето, потоа треба да бидат изработени од најпогодниот материјал и пристапни по однос на цената и складни и убаво да изгледаат."[48]

## 10.2 ПЕЧАТЕНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ КАКО ИЗВОРИ НА ЗНАЕЊЕ

Кога зборуваме за печатените материјали наменети за еколошката едукација, сосема е разбирливо тие да бидат наменски направени за соодветната возраст.

Тука, пред сѐ, ќе ја споменеме сликовницата. Сликовницата како прва детска книга треба да биде соодветно дизајнирана за да го привлече детското внимание во целост соджински, пред сѐ, и илустративно да може да се доживее и да се препознае нејзината порака.

Детските енциклопедии исто така претставуваат печатен извор на еколошко знаење:

„Приспособени се на одделна возраст, живописно илустрирани и збогатени со интересни податоци, може да бидат општи или специјализирани."[49]

Кога зборуваме за детските печатени материјали, ќе ги спомeнеме детските списанија што се наменети за предучилишната популација илустративно и содржински, имаат одделни еколошки содржини или игри, но треба добро да се избере на кој начин ќе бидат искористени во функција на еколошка едукација.

## 10.3. НЕПОСРЕДНАТА СТВАРНОСТ КАКО ИЗВОР НА ЗНАЕЊА

Непосредната стварност е сето она што го опкружува детето во неговото секојдневно живеење вклучувајки ја и природата. Всушност, тука слободно можеме да кажеме дека имаме релација од природата за природата.

---

[48] Митиќ, Љ (2008): " Методика еколошког васпитања", Учитељски факултет, Врање, стр. 118
[49] Митиќ, Љ .(2008) : "Методика еколошког васпитања", Учитељски факултет, Врање, стр. 114

Непосредната околина можеби претставува и најважниот сегмент како извор на содржини и активности за еколошкото воспитание и образование.

Позитивниот емоционален однос кон природата и заштитата на животната средина не може целосно да се поттикнат и да се развијат без непосредно доживување на средината.

Непосредната средина мора да се искористи како можност што е единствена по впечатоците што може и треба да ги предизвика кај децата.

„Посматрајќи ја природната и општествената средина, детето перцепира разни предмети, појави, ги воочува сличностите и разликите меѓу нив, се интересира од кога се тие тука, како настанале, зошто се такви какви што се, а не поинакви и сл. На тој начин детето размислува за предметите и појавите во природата, ги сознава нивните особини, постепено ги сфаќа каузалните врски меѓу нив.“[50]

Природата мора да се искористи како најцелисходен извор на знаења бидејќи колку повеќе децата имаат можност да ја доживуваат природата, колку повеќе таа станува секојдневен сегмент во нивното живеење, толку и нивното насочување кон природата и степенот на позитивен активен однос кон неа ќе бидат поголеми.

Особено е важно што непосредната околина нуди и низа моќности за практични знаења и за практично дејствување на децата. Всушност, непосредната околина треба да биде едно од основните нагледни средства. Непосредната околина е таа што ќе овозможи непосреден контакт со манифестациите на животната средина и учество во точно определени акции.

Притоа, доживувањата, впечатоците и искуствата стекнати во опкружувањето условуваат активен или пасивен однос, кои стануваат значаен дел во еколошката едукација, со соодветни насоки и емоционална поддршка.

Ако сакаме да ги развиеме еколошкта свест и култура вистински, најпозитивното нешто што треба да се искористи во овој контекст е токму непосредната средина и тоа во сите годишни времиња и услови.

Како многу специфичен, важен, а истовремено и нецелосно искористен начин на приближување на природота до детето се екскурзиите како специфично и многу целисходно воспитно-образовно дејствување.

---

[50] Камчевска, Б.(2003),: "Предучилишните установи и едукацијата на децата за заштита на природната и животната средина", Современото предучилишно воспитание и основно образование - состојби и перспективи, Педагошки факултет „Св.Климент Охридски", Скопје, стр. 389

Непосредната стварност нуди оригинални, вистински, реални можности што може и треба да се искористат во рамките на еколошката едукација. Во овој контекст особено би ги истакнале екскурзиите и прошетките како значен извор на знаења, поточно како една специфична форма за развој на еколошкото образование .

Впечатоците што се добиваат од ваквиот начин на работа се најсилни, нудат приказ на оригиналните состојби и можност за пронаоѓање практични еколошки решенија.

Затоа воспитно-образовната дејност во предучилишните установи не смее да се изолира денес и да се одвива само во градинката, туку е потребно тоа де се поврзе и интегрира со конкретниот живот и стварност, надвор од ѕидовите на установата во која децата имаат можност поблиску да ја запознаат природата. Или, кратко кажано, во природа за природата.

Екскурзиите и прошетките нудат специфичен облик на поттикнување и искористување на природната детска љубопитност, а можноста конкретно да видат, да слушнат, да мириснат, да почувствуваат, да согледаат е нешто најтрајно и незаменлив извор на знаење.

Екскурзиите или прошетките нудат и можност за збогатување на еколошките катчиња со природен материјал и се можност со фотографии, лични искуства, „делови од природата", природата да биде присутна во занималната, а еколошките катчиња збогатени со нови извори на знаења.

Како уште една форма на користење на непосредната стварност како извор на знаење се акциите. Акциите како форма на работа со малите деца во голема мера ја развиваат еколошката свест кај децата создавајќи притоа и навики за чување и љубов кон природата.

Акциите бараат добра подготовка од воспитувачот, навремено информирање на семејството и на другите субјекти што се вклучени во одредена акција. Овие акции најлесно се поврзуваат со одредена ангажираност и практично дејствување на децата и на родителите и може да се однесуваат на:

- собирање лековити билки;
- полевање цвеќиња;
- садење дрвја;
- собирање лисја и отпадоци и сл.

Излетите, исто така, нудат специфична можност за запознавње и за приближување на природата и животната средина до предучилишните деца. Тие не треба да се сфатат како прошетка, туку како начин на збогатување на детските знаења и претстави. Тие претставуваат можност за непосредна средба на децата со птиците, растенијата, животните, инсектите, поточно да ја доживуваат природата поинаква одошто е. Притоа, ваквите излети е пожелно да се прават во текот на целата календарска година и во сите временски услови. Особено е важна добрата организација за ваквиот настан.

Незвисно за каков вид активност ќе се определиме за подобро запознавање на животната средина и природата, дали тоа ќе бидат екскурзии, излети или акции како исклучителна и единствена, уникатна можност за запознавање на природата и околината, за запознавање на светот околу себе, треба да имаме предвид дека овие форми како „суперизвори" на знаење треба да се искористат бидејќи нудат најтрајна, највпечатлива и незаборавна претстава на она што сакаме да им го приближиме на децата, а сето тоа овозможува и полесно остварување на поставените цели.

Детското лично искуство со природата или во природата е добра основа за здраво, природно растење. Детето има потреба самостојно да забележи, да истражи бидејќи само така може да биде активно во природата и во животната средина.

Колку повеќе природата е дел од секојдневието на детето, толку повеќе ќе има разбирање за животната средина на останатите живи суштества, но и за својата.

# II МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. ПРИОД КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Сознанијата од педагошката теорија и практика упатуваат на тоа дека еколошката едукација во предучилишните установи е присутна, но недоволно и во оној степен во кој треба да биде за да може да создадеме прифатлив начин на размислување за природата и за животната средина.

И покрај тоа што од дидактичко-методски аспект не постои пречка за вистинско вклучување на еколошката едукација во предучилишните установи, сепак површната ангажираност и недоволната посветеност и мотивираност на воспитувачот покажуваат дека е потребна поголема афирмација на екологијата како заштита на животната средина и како заштита на живиот свет.

Особено цениме дека за успешно изведена еколошка активност е неопходна отвореност на градинката кон семејството и кон останатите општествени фактори што може да ја збогатат и да ја подобрат еколошката еукација во детските градинки.

Во таа насока сакаме да ја отсликаме еколошката едукација во предучилишните институции.

## 2. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Предмет на ова истражување е застапеноста на еколошките активности и нивното спроведување во воспитно-образовната работа во детските градинки со деца од 4-6 години.

Предметот на истражување е разгледуван од следните аспекти:

- еколошките ставови кај воспитувачите рефлектирани во нивната секојдневна практика;

- степенот на искористеноста на отвореноста на предучилишната установа во функција на еколошкото воспитание и образование;
- воспитно-образовниот процес што се реализира во воспитните групи од аспект на еколошката едукација.

## 3. ЦЕЛ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Цел на истражувањето е испитувањето на ставовите, искуствата, мислењата на воспитувачите, родителите, членовите на еколошките организации за организирање и за спроведување еколошки активности во детските градинки поврзани со заштитата на животната средина и на природата.

**Задачи**

1. Да се испитаат ставовите на воспитувачите во врска со еколошката едукација во детските градинки;
2. Да се испита степенот на вклученост на родителите во еколошките активности во градинката;
3. Да се утврди дали воспитувачите се доволно оспособени за да планираат и реализираат еколошки содржини;
4. Да се испита дали постои соработка меѓу детските градинки и еколошките друштва;
5. Да се утврди дизајнирањето на просторот (постоење на еко-елементи во детската градинка);
6. Да се испитаат мислењата на воспитувачите и родителите во однос на потребата за еколошко образование уште во предучилишен период ;

# 4. ГЛАВНА ХИПОТЕЗА

Еколошките активности се реализираат и се спроведуваат во секојдневната воспитно-образовна работа.

Поединечни хипотези

1. Воспитувачите имаат позитивен став во однос на спроведувањето на еколошките содржини во детските градинки;
2. Родителите се подготвени да дадат свој придонес во организирањето на еколошките активности во детските градинки;
3. Воспитувачите се оспособени да планираат и реализираат еколошки содржини;
4. Еколошките здруженија покажуваат интерес за вклучување во работата на детските градинки во областа на еколошката едукација;
5. Средината за учење во детските градинки е дизајнирана на начин кој соодветствува на барањата за реализација на еколошките активности.
6. Воспитувачите и родителите ценат дека еколошкото образование треба да се реализира уште во предучилишниот период.

## 4.1 МЕТОДИ, ТЕХНИКИ, ИНСТРУМЕНТИ

Методи на истражување

Аналитичко-дескриптивниот метод ќе биде користен со цел:

- да се опише застапеноста на еколошките содржини во планирањето;
- да се анализира тематското планирање од аспект на еколошките теми.

Техники на истражување

- Анкетирање - користено за испитување на ставовите на воспитувачите, на родителите и на членовите на еколошките организации;
- Испитување начини на планирање на еколошките содржини - анализа на педагошката документација, со цел да се утврди застапеноста на еколошки содржини во тематските планирања
- Неструктуирано интрејву, користено за испитување на ставовите и мислењата на директорите и стручната служба во детските градинки
- Набљудување, користено за пополнување на Рефлективниот дневник

## Инструменти

Во ова истражување се применети анкетни прашалници што се однесуваат на спроведувањето на еколошката едукација во детските градинки.

Ќе бидат користени прашалници за воспитувачи, родители и членови на еколошки организации. Прашалниците се составени од вовед за предметот, суштината и целта на истражувањето, како и од упатство за негово пополнување.

Првата група прашања се однесуваат на основните, постојани варијабли (возраст, пол, работно искуство), а останатите прашања се групирани според сродноста на предметот на истражувањето.

Интервјуто е водено во насочена комуникација, со формален разговор по однапред подготвени теми и прашања

Рефлективен дневник, каде опсервирајќи е забележувано опкружувањето во градинките со цел да се утврди внатрешниот и надворешниот еколошки дизајниран простор

## 4.2 ПРИМЕРОК

Примерокот е составен од 50 родители, 9 директори на детски градинки, 9 членови на стручните служби (педагог или психолог), 36 воспитувачи и 30 членови на еколошки организации во Скопје.

- Родителите се земени како значајни субјекти во процесот на воспитно-образовната работа на своите деца;

- Еколошките организации се земени како основни двигатели на развојот на еколошката свест и имаат голем потенцијал за равој на еколошката едукација;

- Директорите и стручната служба се земени како менаџери и носители на воспитно-образовниот процес на ниво на детската градинка;

- Воспитувачите се земени како дел од примерокот, и тоа оние што во моментот на истражувањето ги водат групите деца од постарата предучилишна возраст од 4 до 6 години кои можат активно да се вклучат во понудените еколошки активности поради своите развојни карактеристики. Воспитувачите ја имаат поминато еколошката едукација, Националната програма според која во моментот се работи има одделен дел за еколошка едукација и, пред сѐ, тие се носителите на воспитно-образовната дејност во детските градинки.

Во примерокот се вклучени следниве детски градинки:

1. „Детска радост“ - Општина Гази Баба;
2. „13 Ноември“ - Општина Центар;
3. „8 Март“ - Општина Кисела Вода;
4. „Фидани“ - Општина Чаир;
5. „Срничка“ - Општина Аеродром;
6. „Гоце Делчев“ - Општина Илинден;
7. „Пролет“ - Општина Карпош;
8. „11 Октомври“ - Општина Бутел;
9. „Росица“ - Општина Ѓорче Петров.

Во истражувањето се опфатени и следните еколошки организации од Скопје:

1. Македонско еколошко друштво;

2. „Био-еко“ - еколошко здружение;

3. „Екосвест“ - еколошко здружение;

4. Здружение за зелено општество ,,Гринер“;

5. Организација на ОРТ за обуки и развој.

Примерокот ги вклучува воспитните групи во јавните детски градинки (18) во Скопје што ги опфаќаат децата од постарата предучилишна возраст од 4 до 6 години, односно нивните родители, вработените во овие градинки од редот на директори, стручни служби и воспитувачи како и припадници на еколошките организации. Изборот на детските градинки (9) и еколошките организации (5) е намерен, а на воспитувачите, родителите и членовите на еколошките организации случаен.

Примерокот е стратификуван затоа што единиците се класификувани на директори, стручни тимови, воспитувачи, родители, членови на еколошки организации.

- <u>Воспитувачи</u>

Истражувањето е вршено на воспитувачи кои во моментот ги водат постарите предучилишни групи на возраст од 4 до 6 години.Опфатени се градинките на територија на градот Скопје, по една од секоја општина, освен општина Сарај поради непостоење на јавна детска установа.

Нивната структура според образование, возраст, работно искуство и пол е следната:

| Образовние | |
|---|---|
| | |
| ВСП | 69% |
| Виша | 14% |
| М-р | 3% |
| Нема одговор | 14% |

Од воспитувачите, според степенот на завршено образование, 69% се со високо образование, со вишо образование се 14%, магистри се само 3%, а неодговориле 14%

| Возраст | |
|---|---|
| | |
| 22-30 | 6% |
| 31-40 | 11% |
| 41-50 | 14% |
| 51-62 | 25% |
| Нема одговор | 44% |

Според старосната структура, 6% се на возрсат од 22-30 години,11% се оние што се на возраст од 31 до 40 години, голем процент се оние чија возраст од 41 до 50, но, исто така, 44% од испитаниците не дале одговор на ова прашање.

| Работно искуство | |
|---|---|
| | |
| до 15години | 33% |
| до 30 години | 28% |
| над 30 години | 11% |
| Нема одговор | 28% |

Според работното искуство до 15 години стаж, имаме 33%, до 30 години - 28%,над 30 години работен стаж имаме 11%, но исто така имаме голем процент на неодговор во однос на ова прашање, и тоа 28%.

| Пол | |
|---|---|
| | |
| Машки | 0% |
| Женски | 100% |

Очекувано, во градинките е застапен само женскиот пол, во однос на работното место воспитувач.

- Членови на еколошки организации

Одбрани се пет еколошки организации чие седиште е во Скопје.Нивната структура според образование и пол е следната:

| Образование | |
|---|---|
| | |
| Средно | 10% |
| Високо | 53% |
| М-р | 17% |
| Д-р | 10% |
| Нема одговор | 10% |

Според структурата на образованието, членовите на еколошките организации го имаат следното образование:со средно обаразование се 10% од нивните членови наши испитаници, 53% се со високо образование, 27% се магистри и 10% се доктори на науки.

Во однос на половата структура, 53% се од машки пол, а 40% од женски.

| Пол | |
|---|---|
| | |
| Машки | 53% |
| Женски | 40% |
| Не одговориле | 7% |
| | |

## Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето

Во овој дел се интерпретирани резултатите добиени со истражувањето. Интерпретацијата се однесува на потребата и на начините на кои се применува еколошката едукација во детските градинки, како и на потребата за продолжување или за проширување на начините на кои се врши еколошката едукација. Проблемот е испитуван од аспект на детската градинка, вклучувајќи ги тука воспитувачите, стручната служба,родителите и еколошките организации.

Истражувањето е спороведено во текот на Април и Мај,2014 година.

## Анализа на прашалникот наменет за воспитувачите

1.1




1.1.1 Да

1.1.2 Не

1.1.3 Делумно

1.1.4 Не знам

Во однос на ова прашање воопшто нема никаква дилема околу потребата за еколошката едукација во предучилишната возраст, поточно сите одговори на ова прашање се потврдни.

1.2




1.2.1 Да

1.2.2 Не

1.2.3 Делумно

1.2.4 Не знам

Голем е процентот на воспитувачите што ценат дека се доволно подготвени за еколошка едукација, а тоа се 80% од нив, но 17% ценат дека нивната подготвеност е нецелосна.

**1.3**




1.3.1 Да

1.3.2 Не

1.3.3 Делумно

1.3.4 Не знам

Според одговорите на воспитувачите во детските градинки, може да се забележи дека воспитувачите имаат потреба од некаква обука во однос на еколошките содржини и за нивното спроведување, 30% имаат потврден одговор, 48% делумно, а 19% од нив се сигурни дека таква обука не им е потребна.

2.




2.1 Енциклопедии

2.2 Сликовници

2.3 Серија слики

2.4 Фотографии

2.5 Кратки филмови

2.6 Презентации на тв/двд

2.7 Проектор

2.8 Природна средина

Во однос на ова прашање можеме да заклучиме дека е најмногу искористена природната средина, а потоа се користат енциклопедиите и сликовниците, следи користењето серија слики, презентации на двд или на тв, 11 % ги користат фотографиите, најмалу е користен проекторот, а речиси незначително се користат наменски кратки филмови.

3.




3.1 Совети од стручни лица

3.2 Книги и енциклопедии

3.3 Интернет

Од ова прашање е сосема очигледен одговорот дека книгите и енциклопедиите се сепак доминантна форма на извор на знаења од кои воспитувачите ги црпат неопходните информации, додека помалку, но приближно исто се користат Интернетот или, пак, советите од стручни лица.

4.




4.1 Да

4.2 Не

4.3 Не знам

Избраните одговори на ова прашање упатуваат на тоа дека воспитувачите се делумно информирани и заинтересирани за она што се случува како активност на ниво на целата градинка, а е надвор од случувањата на нивната воспитна група, што нѐ наведува на помислата дека се недоволно информирани и запознаени со новите текови во предучилишното воспитание.

**5.** Од прашањето **Дали програмата опфаќа еден или повеќе аспекти од активностите поврзани со:заштеда на енергија,заштеда на вода,уреден еколошки двор,заштита на одреден животински вид,заштита на одреден растителен вид,разработување/објаснување некој процес во природата,односот меѓу луѓето и природата или околината** резултатите се следни:




5.1.1 Да

5.1.2 Не

5.1.3 Делумно

5.1.4 Не знам

Воспитувачите по однос на ова прашање се сите единиствени.

**5.2**




5.2.1 Да

5.2.2 Не

5.2.3 Делумно

5.2.4 Не знам

Во 81% од програмите заштедата на водата е присутна како дел или како аспект на еколошка активност, во 14% не е присутна, а останатите се неинформирани.

**5.3**




5.3.1 Да

5.3.2 Не

5.3.3 Делумно

5.3.4 Не знам

Уредувањето на дворот е присутен во еколошките активности во градинката со 78%, 14% е само делумно опфтен, 3% од испитаниците одговориле на ова прашање со не, а само 5% не знаеле дали е тој дел од програмите.

5.4




5.4.1 Да

5.4.2 Не

5.4.3 Делумно

5.4.4 Не знам

Што се однесува до заштитата на одреден животински вид, таа во програмите е застапена со 45%, но кај 28% од нив не е застапена, во 19% е само делумно застапена, а 8% воопшто не ја зеле оваа активност предвид.

5.5




5.5.1 Да

5.5.2 Не

5.5.3 Делумно

5.5.4 Не знам

Заштитата на растителните видови е застапена со 47%, одречен одговор на ова прашање дале 34% испитаници, а по 8% имаат одговорите што не знаат дали се опфатени овие еколошки содржини или се делумно опфатени.

5.6




5.6.1 Да

5.6.2 Не

5.6.3 Делумно

5.6.4 Не знам

Разработувањето, објаснувањето на одреден процес во природата е застапено со 72%, со 14% е засатапен одречниот одговор „не“, 11% не знаат, а 3% го избрале „делумно“ од понудениот избор одговори.

**5.7**




5.7.1 Да

5.7.2 Не

5.7.3 Делумно

5.7.4 Не знам

Односот меѓу луѓето и природата или околината е застапен со 67%, од 19% имаме одговор „не знам“, 8% мислат дека тоа е само делумно, а 6% одговориле со „не“.

Одговорите варираат со различен интензитет и приоритет, така што заштедата на енергија и вода и уредувањето на дворот се водечките еколошки проблеми на кои се обрнува внимание.

Имено, тука мора да напоменеме дека јавните детски градинки се во постојана конкуренција за добивање зелено или сребрено знаме со кое ОХО, една од еколошките организации, ја поттикнува еколошка едукација, а како услов за конкурирање на

градинките во една од точките за акција кои треба една градинка да ги исполни се токму оние активности поврзани со заштеда на енергија, вода, еколошки уреден двор, па оттаму се очекувани и позитивните одговори на ова прашање кај најголем дел од испитаниците.

6.




6.1 Да

6.2 Не

6.3 Не знам

Сепак, речиси сите ценат дека возраста од 4 до 6 години соодветна за еколшка едукација.

7.




7.1 Се согласувам

7.2 Делумно се согласувам

7.3 Не се согласувам

100%, без исклучоци, потврдно е одговорено прашањето дека сите реализираат еколошки содржини во своите градинки и во своите воспитни групи.

8.




8.1 Да

8.2 Не

8.3 Не знам

На ова прашање 88% од воспитувачите одговориле потврдно, само 9% негативно, а останатите едноставно се без мислење.

9.




9.1 Секојдневни активности

9.2 Одделни активности

9.3 Проектни активности на ниво на детска градинка

9.4 Проектни активности на ниво на воспитна група

Во однос на тоа како се практикува еколошката едукација во детските градинки, ја имаме следната слика: еколошката едукација е постојан елемент во секојдневните активности кај 34 % од воспитувачите, 28% имаат одделни проектни ективности на ниво на својата воспитна група, дел од нив се вклучени во одделни проектни еколошки активности што се на ниво на целата детска установа или објект, а 12% се оние што имаат одделни еколошки активности.

10.




10.1 Да

10.2 Не

Најголемиот број одговори се одговорени потврдно - 69%, а негативно 31%.

Забелешка:

На ова прашање имаше можност да се наведе името на еколошката организација со која соработувале воспитувачите. Најчесто наведена организација е ОХО,потоа Македонското еколошко друштво со значително помал број на одговори и само еден одговор кој се однесуваше на еколошката организацоја Гоу грин.

11




11.1 Екостандардите
11.2 Заштита на природата и животната средина
11.3 Информирањето

Соработката со еколошките друштва се однесувала главно на екостандардите со 43%, а приближно исто, во 28% и во 29% од случаите, соработката со еколошките друштва била искористена за информирање и за активности од областа на заштитата на природата и на животната средина.

12.




12.1 Со одредени активности

12.2 На „предавање" од други лица

12.3 Во приредби со еколошка содржина

Одговорите на ова прашање укажуваат на тоа дека децата биле вклучени подеднакво како активни субјекти во одредени еколошки активности и зеле активно учество во приредби со еколошка соджина, додека само во 6% од случаите во активностите имало предавања од други лица.

13




13.1 Самостојно преземате иницијатива

13.2 Се држите до годишното планирање

13.3 Искористувате иницијатива од родител

13.4 Искористувате иницијатива од еколошкото друштво

13.5 Искористувате иницијатива од стручните служби

Одговорите по однос на прашањето ,,На кој начин воспитувачите менаџираат со еколошките активнсти во својата воспитна група" се следниве:

34% со држат до годишното планирање, ако се има предвид дека годишното планирање се сработува главно тимски, во соработка со педагошко-психолошката служба и со останатите воспитувачи што ја имаат истата возрасна група во текот на една учебна

година, може да заклучиме дека голем дел од воспитувачите ги прифаќаат како готови дадените предлог-активности за реализација на еколошката едукација,или пак од неколку понудените се одлучуваат за една.

Уште повеќе радува фактот што 30% од нив се подготвени самостојно да преземат иницијатива што не само што ќе придонесе за поголема разновидност во однос на еколошките активности и за поуспешно менаџирање со еколошките активности во една група, туку ќе го зголеми степенот на специфични интересирања за групата, како и за начините и за стилот на учење карактеристични за таа група, што е солидна основа за поцелосно вклучување на еколошката едукација.

15% од нив би искористиле посебна иницијатива од стручната служба што може и не мора да се спроведе, речиси 14% од нив искористиле иницијатива што потекнува од еколошко друштво, а најмалку се вклучени иницијативите што потекнуваат од родителите - со 8%.

**Анализа на прашалникот наменет за родителите**

1.




1.1 Да

1.2 Не

1.3 Не знам

Сите родители, со исклучок на 2% од нив, се согласуваат дека еколошкото образование треба да биде дел од образованието на нивните деца.

2.




2.1 Да

2.2 Не

2.3 Не знам

Иако 98% од родителите беа за еколошко образование, сепак само 76% од нив се сигурни дека тоа треба да почне во предучилишните установи, 15% од нив ценат дека предучилишната возраст не е погоден момент за тоа, а 9% го избрале одговорот „не знам“.

3.




3.1 Да

3.2 Не

3.3 Не знам

3.4 Делумно

3.4 Воопшто не

3.5 Во голема мера

Во однос на реализирањето на еколошката едукација во градинките, поточно во една воспитна група, 62% се задоволни од реализацијата, само 18% во голема мера, 15% се задоволни само делумно, а 5% едноставно не знаат.

4.




5.1 Да

5.2 Не

5.3 Делумно

Во однос на запознавањето, информирањето на носителите за активностите во детската градинка, поточно во воспитната група на нивните деца, само половината од нив, попрецизно 53%, се информирани за еколошките активности во градинката, 30% само делумно, а 17% не се информирани воопшто.

6.




6.1 Да

6.2 Не

6.3 Делумно

Во однос на информациите поврзани во рамките на една воспитна група, поконкретно поврзани со активностите во кои треба да се вклучат сите деца од една воспитна група, информираноста се движи приближно исто како и кај претходното прашање, поконкретно, 59% од родителите се информирани за активностите на нивното дете, 25% делумно, а 16 % воопшто не се информирани.

7.




7.1 Да

7.2 Не

Интересна е констатацијата од ова прашање бидејќи 71% од родителите не зеле учество во некоја еколошка активност во детската градинка, а тоа го сториле само 29% од нив.

8.




8.1 Да

8.2 Не

8.3 Делумно

Многу голем процент од родителите, односно 88% од нив, ценат дека еколошкото образование е неопходност во детските градинки, само 12% од нив го мислат спротивното.

9.




9.1 Да

9.2 Не

9.3 Само ако е попладне

9.4 Само за време на викенд

9.5 По посебен повод

9.6 Почесто, по договор

Најголем е бројот на одговори што потврдуваат дека родителите се располежени за соработка во однос на развојот на еколошката едукација, само 4% од нив се незаинтересирани за ваков вид учество, 8% би се вклучииле само ако активностите се попладне или по посебен повод, а речиси 30% од нив би се вклучувале и почесто, но по договор. Независно од тоа кој од начините на вклучување на родителите ќе го разгледаме, се гледа нивното позитивно расположение за ангажман во детската градинка во однос на еколошката едукација.

Анализа на прашалникот наменет за членовите на еколошките друштва

1




1.1 Да

1.2Не

1.3 Не знам

Членовите на еколошките друштва ценат дека возраста од 4,5 и 6 години е соодветна за почнување на еколошкото образование, само 4% од нив мислат спротивно или не знаат.

2




2.1 Многу

2.2 Малку

2.3 Воопшто нема такви

Одговорите на ова прашање укажуваат дека многу малку од активностите на еколошките друштва, кои се поврзани со едукацијата, се наменети за предучилипната популација на деца од 4 до 6 години воопшто и овој одговор го избрале 69% од членовите на еколошките друштва, а речиси подеднакво се застапени активностите што се наменети за детските градинки и такви што ги нема воопшто.

Забелешка

Во рамките на ова прашање постеше можност да се наведат неколку активности изведени од страна членовите на еколошкото друштво.

Во однос на досегашните изведени активности, најмногу од нив се однесуваат на направени презентации за одредени видови растенија или животни, на организирани посети во Природонаучниот музеј, на составување сложувалки, квиз-игри, цртање на еколошки теми и во сите овие активности најмногу описни одговори произлегуваат од членовите на Македонското еколошко друштво.

4.




4.1 „Затвореност"на градинките

4.2 Мала календарска возраст на децата

4.3 Пасивност на воспитувачите

4.4 Пасивност на стручната служба во градинките

4.5 Недоволно познавање на развојните можности на оваа популација

Интересен е податокот дека речиси сите наведени причини што ценевме дека се можна пречка за поголемо ангажирање на еколошките друштва се речиси приближно исто застапени.

Така, 19% од нив ценат дека градинките се ,,затворени" институции, на 20% од нив главна пречка им е малата календарска возраст на децата, 20% од нив неостварената соработка ја припишуваат на пасивноста на воспитувачите и на стручните служби во нив, а 21% се оградуваат од оваа популација поради недоволното познавање на специфичните развојни можности.

5.




5.1 Често

5.2 Ретко

5.3 Никогаш

Во однос на искористувањето на капацитетите што една детска градинка може да ги искористи од некое еколошко друштво, податоците од еколошките друштва се поразителни. 58% од детските градинки ретко бараат помош од нив, 38% никогаш не го сториле тоа, а само 4% се обраќаат за одредена соработка.

6.




6.1 Да

6.2 Не

6.3 Не знам

Потврдниот одговор на ова прашање, кој е застапен во 96%, несомнено укажува на квалитетот на работата што може да се постигне со заедничка, тимска соработка меѓу еколошките организации и детските градинки.

7.




7.1 Да

7.2 Не

7.3 Не знам

Интересно е и подеднакво поделеното мислење за подготвеноста на воспитувачите за спроведување на еколошката едукација во градинките. Имено, 38% ценат дека воспитувачите не се подготвени за еколошка едукација, но исто толку - 39% ценат дека тие сепак може да спроведат соодветна еколошка едукација кај предучилишните деца, а само 23% не знаат како да се определат.

8.




8.1 Да

8.2 Не

8.3 Не знам

81% потврдни одговори за вклучувањето на членовите од еколошките организации во предучилишната едукација го изразува позитивното расположение на членовите за поактивен пристап кон оваа популација, но 11% не би зеле такво учество, а 8% не знаат .




9.

9.1 Заштеда на енергија

9.2 Заштеда на вода

9.3 Уреден еколошки двор

9.4 Заштита на одреден животински вид

9.5 Заштита на одреден растителен вид

9.6 Разработување/објаснување некој процес во природата

9.7 Односот меѓу луѓето и природата или околината

Во однос на сегашната подготвеност за придонес на еколошките организации за учество во еколошка едукација во градинките, процентуално во однос на содржините што би се опфатиле изгледаат вака: 23% се подготвени да придонесат за односот меѓу луѓето и природата, 18% би придонесле за активности поврзани со заштитата на одреден животински вид, 15% од нив би се вклучиле во активности поврзани со заштитата на одреден растителен вид и еколошки уреден двор, 13% од нив се подготвени да се вклучат во активности поврзани со заштеда на вода, 11% ќе земат учество во однос на разаработување некој процес во природата, 5% се подготвени за активности поврзани со заштедата на енергија.

10.




10.1 Да

10.2 Не

10.4 Не знам

И покрај можните барирери, сепак 96% од еколошките друштва, поточно нивните членови ценат дека се подготвени за подобрување на еколошката едукација во детските градинки, само 4% од испитаниците сепак мислат дека не се во можност да придонесат за еколошката едукација

**Анализа на податоците од евидентните листи за анализа на застапеноста на еколошките теми во рамките на месечните планирања во детските градинки**

Евидентните листи укажуваат на тоа дека вклучувањето на еколошките содржини е застапено во сите градинки и тоа на возраст од 4 до 6 години. Всушност, речиси и да не постои разлика помеѓу активностите во воспитните групи на децата од 4 до 5 и од 5 до 6 години.Пред се оваа изедначеност се состои во темите и содржинаите кои се обработуваат.

Она што може да се забележи е дека еколошките активности во најголем дел се интегрирани, но сè уште има голема тенденција да се избираат целосни и лесно претпознатливи еколошки теми во почетокот на есента и со доаѓањето на пролетта.

Значи, сосема малку од месечните планирања се конструирани така што , може да се имаат одделни еколошки теми кои и во таквите случаи се застапени со одредени активности.

Покрај тематското планирање ,во градинките постајат и проектни активности на ниво на цела детсак градинка кои се со еколошка содржина и се одвиваат паралелно со тековните активности.

Она што се потенцира постојано е тоа дека екологијата во градинките „живее" и надвор од насочените активности во најобичните, најсекојдневните активности поврзани со секојдневната хигиена, секојдневното однесување, селектирањето пластичен отпад и сл.

<u>**Дескриптивна анализа на резултатите добиени од неструктурираното интревју**</u>

(учесници во ова интервју се директори, педагози и психолози од детските градинки)

1. **Според Ваше мислење, дали Вие како директор и како педагошко-психолошка служба би требало да учествувате во создавањето на тематските планирања во кои се застапени еколошки содржини?**

Во однос на одговорите по ова прашање, испитаниците покажуваат постојана вклученост во воспитно-образовниот процес, но постои разлика помеѓу директорите од една страна и педагозите и писхолозите од друга.

Директорите најчесто се само информирани за насоките по кои се движат активностите, но најчесто не земаат директно учество во процесот на паланирање. Во зависност од личниот став, нивните предлози главно се однесуваат во рамките на годишното планирање или на главните насоки на воспитно-образовното дејствување.

Педагошко-психолошката служба, без исклучок, се вклучува во сите активности на воспитно-образовна работа, вклучително и во екологијата. Нивното вклучување не е само во рамките на планирањето, туку и во специфичностите на организирањето воспитно-образовна работа на ниво на една група.

2. **Кои се проблемите на кои наидувате при планирање и реализација на еколошките содржини?**

Како проблеми на кои се наидува во однос на еколошката едукација ги издвојуваме следните:

- немање доволно игровен материјал;
- обезбедување дополнителни финансиски средства;
- посети што не може да се реализираат (екскурзии во природа);

– премногу администрација;

– дидактички материјал;

– човечки ресурси;

– прирачници за воспитувачите.

Сите овие проблеми се, всушност, одраз на една слика што се однесува на генералната состојба во детските градинки при релизирањето на речиси сите воспитно-образовни содржини.

**3. Според вас, што е најголемото достигнување од областа на еколошката едукација што може да се достигне со децата во работата на детските градинки?**

Како најголеми достигнувања што може да се достигнат во поглед на еколошката едукација, испитаниците имаат многу слични ставови и ги наведуваат следните:

– стекнување правилни и позитивни ставовови за природата;

– подигање на способностите на ниво на секојдневен начин на однесување;

– развој на свесност за другите и за околината;

– подигање на еколошката свест кај семејствата;

– добивање зелено знаме;

– стекнување практично искуство во однос на одгледувањето растенија;

– развој на чувството на одговорност.

4. **Што му недостасува на Вашиот воспитен кадар за поцелосно спроведување активности од областа на еколошката едукација?**

Испитаниците на четвртото прашање имаат слични потреби што се однесуваат на:

- нагледни средства и материјали, особено технички можности за презентација на видеоматеријали во сите објекти во градинката;
- финансиска награда, поточно можноста за финасиска награда на воспитувачите што вложуваат исклучителни напори во однос на спроведувањето одредена еколошка содржина;
- недостасува и финансиската моќ на институцијата за да обезбеди обука на
- воспитниот кадар и надвор од земјата за да може да се стекнат и поинакви искуства што потоа ќе бидат пренесени;
- недостасува продолжувањето на активностите и по завршувањето на одреден проект или добивањето одредено признание;
- почести средби меѓу воспитувачите од градинките на ниво на Град Скопје, но и на Македонија, со практични прикази на нивните активности;
- дополнителна едукација поврзана со еколошката едукација на децата;
- дополнителен дидактички и игровен материјал и методски прирачници;
- менување на ставот на поединци дека екологијата не е само личен став на поединецот, туку дека таа е и правилно делегирање на обврските.

5. **Колку воспитувачите од Вашата градинка се подготвени да се вклучат во процесот на постојана еколошка едукација во своите воспитни групи?**

Одговорите на ова прашање се доста објективни и многу слични.

Всушност, сите се согласуваат дека декларативно сите се способни да ја спроведат еколошката едукација, но дека има голема разлика помеѓу оние што ќе го прифатат тоа како вистински предизвик и оние што само пасивно ќе бидат влучени во активностите.

**Анализа на рефлективен дневник :**

При посетата на градинките, можеше да се забележи постоење на еколошки катчиња(центри за учење), кои се однесуваат главно на одделни цветни катчиња означени како еколошки катчиња(центри за учење), но се недоволно опремени и збогатени со еколошки елементи за да може да кажеме дека се тоа еколошки катчиња (центри за учење)во вистинската смисла на зборот.

Исто така е забележана тенденцијата на поголемо цветно уредување на дворовите, при што свое учество земаат и децата, а во одредени акции и родителите, но тие акции не се сведуваат на постојано набљудување и ангажирање, туку се одделни и повремени, а грижата за нив ја преземаат возрасните во градинката.

Истовремено, постои и судир на интереси во однос на барањата што ги поставува санитарната инспекција во однос на уредувањето, а особено на хигиената во внатрешните, но и на надворешните простории на градинката што градинките најчесто не можат да ги исполнат, па иако се свесни како треба да изгледа едно целосно еколошко катче, не се во можност да преземат активности за поголеми промени во моментот.

## Дискусија

Истражувањето на проблемот на овој труд покажува дека екологијата е вклучена во работата на детските градинки, но исто така укажува т дека со подобро менаџирање на сите фактори може да се добие поразновидна, потемелна и посеопфатна еколошка едукација.

Поточно, ја потврдуваме поставената хипотеза дека еколошките активности се релизираат и се спроведуваат во секојдневната воспитно-образовна работа во детските градинки. Потврден одговор имаат и одделните хипотези.

- Ставовите на воспитувачите се позитивни во однос на спроведувањето на еколошките активности. Тие планираат и реализираат различни содржини од областа на еколошката едукација. Особено е позитивен нивниот став дека екологијата е секојдневна и сеопфатна активност и најдобро е кога се работи интегрирано. Во градинките постојат еколошки катчиња што се нецелосни, но со правилна мотивација и начин на одржување може да станат богато и интерсно

дидактичко средство. Исто така, мора да понтенцираме дека личниот став на воспитувачите е клучен момент во однос на спроведувањето на еколошката едукација, но личниот став има влијание и врз начините на кои се спроведува еколошката едукација.

Воспитувачите се изјаснуваат дека се подготвени за еколошка едукација, но исто така и дека имаат потреба од обука и дополнителни информации во однос на практичното спроведување. Но, и покрај потребата нештата да бидат подобри и во сегашните услови на степенот на еколошка едукација, присуството на екологијата во детските градинки е на задоволително ниво. Начините на кои се застапени нагледните средства укажуваат на фактот дека воспитувачите во својата реализација црпат информации од различни извори иако доминираат енциклопедиите.

Она што е најважно е тоа дека се спроведуваат голем дел еколошки содржини во предучилишното воспитание и образование, и тоа со значителна тенденција тоа да биде целосно интегрирано.

- Новата воспитно образона програма за децата од 0 до 6 години нуди солидна поткрепа за реализирање разни видови еколошки активности, со различна широчина, длабочина и начин на изведување бидејќи во нејзините основи лежи холистичкиот пристап, кој е веќе во најголем дел и прифатен од воспитувачите. Стандардите од своја страна, пак, сами по себе наметнуваат определено ниво на одредени познавања што треба да ги имаат децата,што гарантираат основни знаења поврзани со природата и со животната средина како основа на еколошката едукација.

- Родителите се подготвени да дадат свој придонес во ваквите активности, ги ценат за важни, но треба да се води сметка за нивно целосно информирање и за навремено закажување заеднички активности. Степенот на информирање секако треба да се зголеми и што повеќе да се активираат во процесот на реализација на еколошките активности и на ниво на градинка, и на ниво на воспитна група.

- Еколошките здруженија во својата работа секогаш имаат дел што се однесува на еколошката едукација. Но, ваквата едукација најчесто се однесува на училишните деца. Исто така, мора да забележиме дека и покрај тоа што проектите им се поврзани со еколошката едукција на училишните деца, при остварувањето контакт

со вистинските лица во детските градинки, се врши нивно адаптирање и вклучување на популацијата од 4 до 6 години во нивни или во комбинирани активности на воспитувачи, родители и на членови на еколошките здруженија. Ако се има предвид големата бројка еколошки здруженија во нашиот град, се разбира, ако имаме желба за тоа, ќе успееме да најдеме соработници во спроведувањето на еколошката едукација во детските градинки.

- Директорите и стручната служба во градинките имаат идентично позитивно размислување во однос на потребата за вклучување на нивната детска градинка во разновидни еколошки активности. Иако директорите се оние кои ги даваат основните насоки или се само известени за планираните и изведените активности, нивниот став укажува на позитивна насоченост во однос на имплементирање на активности од еколошката едукација. Стручната служба е основниот менаџер на активностите кои се реализираат во детската градинка и се најдиректно вклучени во сите етапи на реализирање на одредени активности. Но, и за директорот и за стручната служба како пресуден услов за реализирањето на еколошката едукација е личноста на воспитувачот и неговиот степен на личен ангажман, иако во практиката се судруваат со одредени проблеми кои можеме да ги наведеме како пречка за поцелосна реализација, со добро менаџирање и јасна цел, многу од нив можат да се надминат.

## Заклучок

Како генерален заклучок мора да се истакне дека екологијата е вклучена во детските градинки. Но, ако се има еден поотворен пристап кон семејствата, еколошките организации, поблиската општествена околина, резултатите ќе бидат подалекосежни, но и разновидноста на еколошките содржини ќе биде побогата, а создавањето позитивен и одговорен став кон еколошката едукација кај сите фактори на една еколошка едукација во детските градинки ќе даде и подобри резултати, но и афирмирање на детската градинка, индиректна еколошка едукација на семејството и на другите возрасни надвор од градинката.

Менаџирањето со еколошките активности е тоа што треба да направи синхронизација на целите на една воспитна група, на начините на работа на еден воспитувач, тоа треба да се усогласи со генералните активности на ниво на детска градинка и оттаму да се дефинираат соработниците и начините на реализација на активностите.

Ако се има доволна временска рамка за организирање активности со децата во и надвор од занимлната, ако однапред знаеме што и како сакаме да сработиме, навремено ќе може да ги оствариме потребните конткати со неколку еколошки организации, со општината, со родителите со кои ќе ги дефинираме начините и целите на соработката во текот на годината.

Доброто менаџирање ќе донесе добра соработка, добрата соработка опфаќа вклучување на повеќе фактори со една иста цел, а во случајов тоа е исклучително впечатлива и добра еколошка едукација на децата од 4 до 6 години.

Несомнено е дека вака организираните активности ќе им овозможат поцелосни впечатоци и претстави на децата, но и на нивните родители за она што и како се случува во детските градинки и тогаш ќе можеме да очекуваме нивна поцелосна, посилна поддршка на еколошкото однесување и во домашни услови, но ние преку децата истовремено сме направиле и индиректна еколошка едукација и на возрасните.

Ако главниот менаџер на детската градинка, а тоа е директорт, има позитивен став кон ваквата соработка, ако го поддржи ова со соодветни предлози и активности стручната служба и доволно е да имаме барем еден воспитувач (иницијално) што е подготвен за ваков предзвик, работите во сферата на еколошката едукација нема да се сведат само на нејзино задолжително вклучување, туку ќе остават треан белег на една генрација, а иствремено ќе бидат поттик и предизвик за некои други воспитувачи и детски градинки.

Слоганот на една реклама гласеше вака: „Цело е кога има сè“, а ние само ќе додадеме дека за да има сè во природата, треба да ги насочиме сите внатрешни и надворешни фактори во предучилишното образование кон вистинско вклучување на еколошката едукација, особено кога за тоа имаме и законска рамка и општо расположение во општеството за менување на работите во поглед на еколошкото однесување и од деклартивно позитивниот став да се премине кон вистински решенија. Ние во нас ја имаме најмоќната алатка на промените, и тоа во нејзиниот основен дел каде што темелите треба да бидат солидно цврсти.

Можностите ги имаме, останува на нас само успешно да ги менаџираме сите активности за да се унапредува работата во градинките со цел да дојдеме до вистински, видливи, забележителни и, пред сè, трајни резултати.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


1. Ангеловска, Н. (1994): "Креативноста на децата во предучилишните установи" ,АД,,Киро Дандаро,Битола

2. Ангеловска-Галевска,Н (1998): "Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието ",Киро Дандаро,Битола

3. Адамчевска,С.(1996): "Активна настава " , Легис,Скопје

4. Годишен извештај за квалитетот на животната средина во Република Македонија 2008 (2009) Министерство за животна средина и просторно планирање во РМ,Европа 92,Скопје

5. Гоцевски,Т. (2007): " Образовен менаџмент" , Филозофски факултет, Скопје
6. Јанкоски,Д. (2002): " Организација на образованието" , Педагошки факултет, ,Св.Климент Охридски,, Битола

7. Dosen-Dobud,A. (2005) : "Malo dete veliki istrazvac" , Alinea, Zagreb

8. Дамевска,Л.(1996) : "Детето и вредностите" ,Просветно дело,бр.3
9. Дамевска,Л.(2001): "Компатибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование" ,Круг,Скопје

10. Дамевска,Л.(1995): "Организирање и изведување на игрите и игровните активности во предучилишните установи " ,Просветно дело,бр.1

11. Дамевска ,Л. и др.(2009): "Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години" ,Министерство за труд и социјална политика

12. Зороски.Н(2012): "Одбрани трудови ",Ирис,Струга

13. I.Canak(1997) :" Filizofija odgoja " ,Skolska knjiha ,Zagreb

14. Интерна скрипта на Педагошкиот факултет Св. Климент Охридски за изборниот предмет Еколошко воспитание
15. Камберски, К.(2000) : "Предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија ",Филозофски факултет,Скопје

16. Каменов,Е .(2004) : "Зелена планета ", Тампограф, Нови Сад

17. Камчевска,Б.(1999) :"Предучилишното воспитание и образование како отворен систем" ,Педагошки факултет,,Св.Климент Охридски,,Скопје

18. Камчевска,Б.(2003): "Предучилишните установи и едукацијата на децата за заштита природната и животната средина ",Современото предучилишно воспитание и основно образование-состојби и перспективи,Педагошки факултет,,Св.Климент Охридски,,,Скопје

19. Ковој,Р.(1990): "Еколошки маркетинг " ,Матица македонска,Скопје

20. Коскарова,Р.(2008): "Стратегии,модели и техники за успешно менаџирање со одделението или класот ", График Мак –Принт,Скопје

21. Котева,Т.(1996): " Детето-рамноправен партнер и субјект на воспитанието и образованието ",Гоцмар ,Битола

22. Кундачина,М.(1998): "Семејството како фактор на еколошкото воспитание" , Просветно дело,бр.5
23. Лешковски,И.(2002): "Педагошки речник ",Вековштина,Скопје
24. M.Josip(2005): "Pedagogija-teorija osposobljavanja ",Skolska knjiga,Zagreb

25. Митиќ, Љ. (2008) : "Методика еколошког васпитања ", Учитељски факултет, Врање
26. Младеновска,А.(2008) "Прирачник за еко-секција во основните училишта",ОХО,Скопје

27. Мојсовска,Т.(2006) :"Семејното воспитание и социјалното однесување кој децата ",Академски печат,Скопје

28. Мулев, М. (2006): "Еколошки лексикон",Алфа 9- М.А., Скопје

29. Мулев.М.(1997): "Заштита на животната средина" ,Ворлдбук,Скопје

30. Мурати,М.(1999): "Меѓународни норми на еколошкото образование и однесување",Просветно дело бр.5

31. Националната програма за развој на образованието во РМ 2005-2015

32. Николовска,Ј.(2007) :"Педагошко-методички истражувања и погледи ",Матица Македонска,Скопје
33. Основи на програмата за воспитно –образовната работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки(2007)Министерство за образование и наука,Биро за развој,Скопје

34. Petrovik,B.(2000): "Neke suvremene strucno-metodicker osnove ekoloskok odgoja u predskolskoj ustanovi" ,Zbornik radova strucno-znastvenog skupa, Ekologija korak blize detetu,Adamic,Rijeka
35. Petrov-Jovanovska.M,Petrov,N.,Stevanovic,M.(2004) : "Kreativno vodjenje u vrticu I u skoli ",doo.hmks,Tuzla

36. Potkonjak,Simlesa (1989 ):Pedagoska enciklopedija, Zavod za ucbenike I nastavna sredstva

37. Петревска ,Б.(2011) : Еколошки теми-прирачник за работа во градинки,ОХО,Скопје

38. Петров,Н.(2006) : "Образование за новиот милениум ",Цетис- принт,Скопје

39. Попески,Н.(2007) : "Еко-бонтон за деца " ,Печатница БС,Скопје

40. Попова-Коскарова,Р.(2011) : "Општа педагогија" ,Боро Графика,Скопје

41. Предучилишен проект- Работна и воспитна програма „Сорос" 1994
42. Прелиќ, Д.Георгиевска, М. (2007) : "Општа екологија" , Интерна скрипта, Скопје
43. Програма за воспитно –образовна дејност во предучилишното воспитание и образование(1982)Републички завод за унапредување на воспитанието и образованието

44. Ристески,К(.1999): "Еколошка криза 2" ,НИП„Студентски збор„Скопје

45. Србиновски,М.(2001): "Еколошката едукација во основното и средното образование во Р.М. од биолошки аспект ",Докторска дисертација,Скопје
46. Србиновски,М.(2005): "Еколошко образование",Просветно дело АД,Скопје

47. Стоилковски,П.(1995): “Еколошките катчиња како извори на знаења на децата” ,Просветно дело,бр.1

48. Стојановиќ.Н.(2000): “ Традиционалното и современото во воспитно образовната практика и теорија”,Зборник на трудови од тематската расправа,Скопје

49. Сл.Весник на Р.Македонија бр.22/13 и 12/13 од 2014 година,Закон за заштита на децата

50. Гоцевски,Т. (2007): “Образовен менаџмент”,Киро Дандаро,Битола

51. Гоцевски,Т.(2009) : “Економика на образованието”,Флилозофски факултет,Скопје

52. Uzelac,V.(2000): “Ekologija temeljena na pedagogijskim pristupama I problem odgoja predskolske dece za okolis”,Zbornik radova strucno-znastvenog skupa,Ekologija korak blize detetu,Adamik,Rjeka

53. Uzelac.V.(2009) : “Cjelozivotno ucenje za odrziv razvoj”,Uciteqski fakultet sveucilista,Rjeka

54. Угриновска,Д.(1999) :“Воспитување за средината “,Просветно дело бр3

55. Угриновска,Д.(2002) : “Наставниците пред предизвикот за воспитување за средината”,Поросетно дело бр.2

56. Шкариќ,О(2009): “Психологија на детсвото и адолесценцијата”,Филозофски факултет,Скопје

57. Шкариќ,О.(2004): “Развојна психологија”,Филозофски факултет,Скопје

58. http://sr.wikipedia.org/wiki/%D0%95%D0%BA%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0

59. http://www.rgf.bg.ac.rs/predmet/RO/IV%20semestar/Zastita%20zivotne%20sredine/Predavanja/PredZZS_1_Ekologija.pdf

60. www.**eko**svest.com.mk/publikacii/stranski_iskustva.pdf

- Трудот го лекторирал м-р Кирил Ангелов,лектор

# ПРИЛОГ

- Анкетни листови:
    - За вработени во детските градинки
    - За родители
    - За еколошките друштва

- Евидентни листови за испитување на начините на планирање на еколошките содржини

- Неструктурирано интервју

- Рефлексивен дневник

# Анкетен лист

(Прашалник за воспитувачи)

Оваа анкета се однесува на еколошкото образование во детските градинки. За секое прашање имате алтернатива. Ве молиме да ја означите алтернативата што најдобро го изразува Вашето мислење.

АНКЕТАТА Е АНОНИМНА.

Податоците од анкетниот лист ќе бидат искористени за согледување на еколошкото образование во детските градинки.

**Ви благодариме за соработката!**

| | |
|---|---|
| Детска градинка | |
| Степен на образование | |
| Датум на пополнување | |
| Возраст | |
| Пол | Машки **O** Женски **O** |
| Работен стаж | До 15 **O** До 30 **O** Над 30 **O** |
| Воспитна група | |

**Обојте го кругот до точниот одговор**

| | Да | Не | Делумно | Не знам |
|---|---|---|---|---|
| **1.1-Дали цените дека еколошките содржини треба да бидат дел од едукативната програма за предучилишната возраст?** | O | O | O | O |
| **1.2-Дали се чувствувате доволно подготвени за спороведување на еколошките содржини?** | O | O | O | O |
| **1.3-Дали Ви е потребна обука за спроведување на еколошките содржини?** | O | O | O | O |

| **2.Кои нагледни средства ги користите најчесто за реализирање активности што опфаќаат еколошки содржини?** | | | |
|---|---|---|---|
| **2.1**Енциклопедии **O** | 2.2Сликовници **O** | 2.3Серија слики **O** | 2.4Фотографии **O** |
| 2.5Кратки филмови **O** | 2.6Презентации на тв/двд **O** | 2.7 Проектор **O** | 2.8Природна средина **O** |

| **3.Какви ресурси користите за подготовка на дневно планирање поврзано (целосно или делумно) со еколошките активности?** | | |
|---|---|---|
| 3.1 Совети од стручни лица O | 3.2 Книги и енциклопедии O | 3.3 Интернет O |

| **4.Постои ли во Вашата градинка посебна програма или дел од програмата што се однесува на еколошкото образование?** | | |
|---|---|---|
| 4.1 Да O | 4.2Не O | 4.3 Не знам O |

**5.Дали програмата опфаќа еден или повеќе аспекти од активностите поврзани со:**

| | Да | Не | Делумно | Не знам |
|---|---|---|---|---|
| **5.1 Заштеда на енергија** | **O** | **O** | **O** | **O** |
| **5.2 Заштеда на вода** | **O** | **O** | **O** | **O** |
| **5.3 Уреден еколошки двор** | **O** | **O** | **O** | **O** |
| **5.4 Заштита на одреден животински вид** | **O** | **O** | **O** | **O** |
| **5.5 Заштита на одреден растителен вид** | **O** | **O** | **O** | **O** |
| **5.6 Разработување/објаснување некој процес во природата** | **O** | **O** | **O** | **O** |
| **5.7 Однос меѓу луѓето и природата или околината** | **O** | **O** | **O** | **O** |

| **6.Дали цените дека постарата предучилишна возрсат од 4 до 6 години е соодветна за вклучување во еколошкото обрзование?** | | |
|---|---|---|
| 6.1 Да O | 6.2 Не O | 6.3 Не знам O |

| **7.Во детските градинки може да се реализираат активности поврзани со еколошкото образование?** | | |
|---|---|---|
| 7.1 Се согласувам<br>O | 7.2 Делумно се согласувам<br>O | 7.3 Не се согласувам<br>O |

| **8.Цените ли дека заштитата на природата и заштитата на животната средина имаат исто значење?** | | |
|---|---|---|
| 8.1 Да O | 8.2 Не O | 8.3 Не знам O |

| **9.Кои видови активности ги користите за заштита на животната средина и на природата?** | |
|---|---|
| 9.1Секојдневни активности | O |
| 9.2 Одделни активности | O |
| 9.3 Проектни активности на ниво на детска градинка | O |
| 9.4Проектни активности на ниво на воспитна група | O |

| **10.Дали сте соработувале со некоја еколошка организација досега?** | |
|---|---|
| 10.1 Да O | 10.2 Не O |
| 10.3 Ако сте одговориле со да, Ве молиме наведете го нејзиното име<br>________________________________________ | |

| **11.Вашата соработка со еколошката организација најчесто се однесувала на:** | |
|---|---|
| 11.1 Екостандардите | **O** |
| 11.2 Заштита на природата и животната средина | **O** |
| 11.3 Информирањето | **O** |

| **12.Во текот на соработката децата биле вклучени:** | |
|---|---|
| **12.1** Со одредени активности | **O** |
| **12.2** На „предавање" од други лица | **O** |
| **12.3** Во приредби со еколошка содржина | **O** |

| **13. На кој начин менаџирате со еколошките активности во групата?** | |
|---|---|
| 13.1 Самостојно преземате иницијатива | **O** |
| 13.2 Се држите до годишното планирање | **O** |
| 13.3 Искористувате иницијатива од родител | **O** |
| 13.4 Искористувате иницијатива од еколошкото друштво | **O** |
| 13.5 Искористувате иницијатива од стручните служби | **O** |

Ви благодариме за одвоеното време

# Анкетен лист

(Прашалник за родители)

Оваа анкета се однесува на еколошкото образование во детските градинки.

Секој Ваш одговор ќе придонесе за подобрување на образовниот процес во детските градинки.

За секое прашање имате алтернатива. Ве молиме означете го она што најмногу го изразува Вашиот личен став.

АНКЕТАТА Е АНОНИМНА.

**Ви благодариме за соработката!**

| | |
|---|---|
| Детска градинка | |
| Воспитна група во која оди Вашето дете | |
| Степен на образование | |
| Датум на пополнување | |
| Прашалникот го пополнува | Мајката **O** Таткото **O** |

**Обојте го кругот до точниот одговор**

| **1.Дали цените дека еколошкото образование е потребно?** | | |
|---|---|---|
| 1.1 Да **O** | 1.2 Не **O** | 1.3 Не знам **O** |

| **2.Дали цените дека предучилишната возраст е вистинско време за да почне еколошкото образование?** | | |
|---|---|---|
| 2.1 Да **O** | 2.2 Не **O** | 2.3 Не знам **O** |

| **3.Колку Вие како родител сте задоволни од еколошкото образование во градинката?** | | |
|---|---|---|
| 3.1 Да **O** | 3.2 Не **O** | 3.3 Не знам **O** |
| 3.4 Делумно **O** | 3.4 Воопшто не **O** | 3.5 Во голема мера **O** |

| 5. Дали сте информирани за еколошките активности во детската градинка? | | |
|---|---|---|
| 5.1 Да O | 5.2 Не O | 5.3 Делумно O |

| 6. Дали сте информирани за еколошките активности во кои учествува и вашето дете? | | |
|---|---|---|
| 6.1 Да O | 6.2 Не O | 6.3 Делумно O |

| 7. Дали сте присуствувале или сте зеле учество во некоја еколошка активност во градинката досега? | |
|---|---|
| 7.1 Да O | 7.2 Не O |

| 8. Дали еколошкото образование е неопходност во детските градинки? | | |
|---|---|---|
| 8.1 Да O | 8.2 Не O | 8.3 Делумно O |

| 9. Дали би зеле учество во некоја еколошка активност во воспитната група на Вашето дете? | |
|---|---|
| 9.1 Да | O |
| 9.2 Не | O |
| 9.3 Само ако е попладне | O |
| 9.4 Само за време на викенд | O |
| 9.5 По посебен повод | O |
| 9.6 Почесто, по договор | O |

**Ве молиме одговорениот прашалник да го предадете на одговорните во групата.**

**Ви благодариме за одвоеното време!**

# Анкетен лист

(Прашалник за члeновите на еколошките организации)

Оваа анкета се однесува на еколошкото образование во детските градинки.

За секое прашање имате алтернативен одговор. Ве молиме означете ја алтернативата што најдобро го изразува Вашето мислење.

АНКЕТАТА Е АНОНИМНА.

Податоците ќе бидат искористени за согледување и за подобрување на еколошкото образование во детските градинки.

**Ви благодариме за соработката!**

| | |
|---|---|
| Еколошка организација | |
| Степен на образование | |
| Датум на пополнување | |
| Пол | |

**Обојте го кругот до точниот одговор**

| **1.Дали цените дека предучилишната возраст од 4 до 6 години е погодно време за еколошко образование?** | | |
|---|---|---|
| 1.1 Да O | 1.2Не O | 1.3 Не знам O |

| **2. Колку од досегашните активности се наменети за предучилишната популација?** | | |
|---|---|---|
| 2.1 Многу O | 2.2 Малку O | 2.3 Воопшто нема такви O |

| | | |
|---|---|---|
| **3. Наведете одредени примери (најмалку 3) на активности изведени за децата од предучилишна возраст:** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| **4. Наведете некои причини поради кои најчесто ја „прескокнувате“ оваа популација:** | | |
| 4.1„Затвореност“на градинките | O | |
| 4.2 Мала календарска возраст на децата | O | |
| 4.3 Пасивност на воспитувачите | O | |
| 4.4 Пасивност на стручната служба во градинките | O | |
| 4.5 Недоволно познавање на развојните можности на оваа популација | O | |

| | | |
|---|---|---|
| **5. Колку често некоја детска градинка бара помош од Вас во реализирањето на одредена активност?** | | |
| 5.1 Често O | 5.2 Ретко O | 5.3 Никогаш O |

| | | |
|---|---|---|
| **6. Дали мислите дека со добра тимска соработка меѓу вас и детските градинки може да се придонесе за повисок степен на еколошко образование кај децата?** | | |
| 6.1 Да O | 6.2 Не O | 6.3 Не знам O |

**7. Дали цените дека воспитувачите може самостојно да спроведуваат еколошки едукативни активности?**

| | | |
|---|---|---|
| 7.1 Да O | 7.2 Не O | 7.3 Не знам O |

| **8.Дали Вие би се вклучиле во едукацијата на деца од предучилишна возраст?** | | |
|---|---|---|
| 8.1 Да O | 8.2 Не O | 8.3 Не знам O |

| **9.Кои аспекти на еколошката едукација цените дека се соодветни за таа возраст?** | |
|---|---|
| 9.1 Заштеда на енергија | O |
| 9.2 Заштеда на вода | O |
| 9.3 Уреден еколошки двор | O |
| 9.4 Заштита на одреден животински вид | O |
| 9.5 Заштита на одреден растителен вид | O |
| 9.6 Разработување/објаснување некој процес во природата | O |
| 9.7 Односот меѓу луѓето и природата или околината | O |

| **10. Дали можете да придонесете во развојот на еколошката едукација кај најмаладата популација?** | | |
|---|---|---|
| 10.1 Да O | 10.2 Не O | 10.4 Не знам O |

Ви благодариме за одвоеното време!

ЕВИДЕНТЕН ЛИСТ

| Градинка<br><br>Група | Сеп | Окт | Ное | Дек | Јан | Фев | Мар | Апр | Мај |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделни еколошки содржини во рамките на едно тематско планирање | | | | | | | | | |
| Тематско еколошко планирање | | | | | | | | | |
| Интегрирани еколошки теми | | | | | | | | | |

НЕСТРУКТУРИРАНО ИНТЕРВЈУ

| |
|---|
| Според Ваше мислење, дали Вие како директор и како педагошко-психолошка служба треба да учествувате во создавањето тематски планирања во кои се застапени еколошки содржини? |
| Кои се проблемите на кои наидувате при планирање и реализација на еколошките содржини? |
| Според Вас, што е најголемото достигнување од областа на еколошката едукација што може да се постигне во работата во јавните детски градинки? |
| Што му недостасува на Вашиот воспитен кадар за поцелосно спроведување активности од областа на еколошката едукација? |
| Колку воспитувачи од Вашата градинка се подготвени да се вклучат во процесот на постојана еколошка едукација во своите воспитни групи? |

РЕФЛЕКТИВЕН ДНЕВНИК

Градинка:_______________________________________________

Датум: ________________

Белешка:

Надворешно еколошко дизајнирање:

Внатрешно еколошко дизајнирање: